СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Седумдесетта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јануари 1994 година

Скопје, јануари 1994 година

# I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 70-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21.I.1994 год.

Дискутанти: д.р. Пратенички прашања

1. АНДОВ СТОЈАН - 1,63,114
2. АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА - 108
3. АРСОВ ДРАГИ - 52, 58, 59, 62, 66, 67
4. АНДОНОВ ТИМЕ - 88
5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 49, 51
6. АНЧЕВ ЕФТИМ - 8, 21, 28, 38 ( министер за земјоделие)
7. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 72
8. АРСОВСКИ БРАНКО - 19
9. АБДИ ФАИК - 39
10. БАЈАЛЏИЕВ ДИМИТАР - 20,33,35,36,70,73,87,90 ( министер за образование)
11. ГОШЕВ ТУШЕ - 6, 16, 18, 30, 61, 94, 97, 111, 112, 115, 119, 120, 125, 126 (М.заправосудство)
12. ГОШЕВ ПЕТАР - 10, 11, 127
13. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 77
14. ЗИБЕРИ НАСЕР - 37
15. ЗАФИРОВ ЈОРДАН - 38
16. ИСМАИЛ ЃУНЕР - 23, 46, 56, 57, 60, 69, 81
17. ИВАНОВ ИВАН - 43
18. ЈОВАНОВ РИСТО - 52, 125, 126, 127
19. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 71
20. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 32, 35, 36
21. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 51
22. КИРОВ ТАШКО - 41
23. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 95
24. ЛАЗАРОВСКА БИЉАНА - 68, 97, 105
25. МАНЕВ ЕФТИМ - 86, 87
26. МИНОВ ПАНЧО -92, 94
27. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 83, 84
28.МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 29
29. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 6, 7, 23, 89, 90, 91.
30. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 1, 11
31. НИКОЛОВ ДУШАН - 72
32. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 121
33. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 31, 115
34. ПЕТРОВ ТОДОР - 7, 75, 127
35. ПОПОВСКИ КИРО -25 (води седница )
36. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 44, 47, 48, 107
37. РАХИМИ ШУКРИ - 73, 74
38. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ- 124
39. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 5, 115, 116, 117, 120
40. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 91
41. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 64, 65, 109, 112
42. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 12, 13, 17, 113
43. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 43
44. СТЕФАНОВ ПЕТРУШ - 58, 66, 98, 99, 106, 107, 122
45. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН -69
46. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 84
47. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 4
48. ФАЗЛИУ АГИМ - 82
49. ЏЕЛИЛ ТАИРИ - 26
50. ЏАФЕРИ НЕЏАТИ - 27, 28
51. ШАЌИРИ ХИСНИ - 75

-продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јануари 1994 година

Седницата започна со работа во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Митко Анастасовски, Гулистана Марковска, Љубисав Иванов, Наум Симјановски, Благоја Чкатроски и Тодор Димов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известив на кои пратеници им е доставен одговор на прашањата што ги поставија. Во меѓувреме направивме еден преглед присутни беа повеќе министри и претседателот на Владата, меѓутоа, во 10 часот и 17 минути кога требаше да утврдиме точен број на пратеници, имаше само седум пратеници присутни.

Одиме понатаму. Кој од пратениците што им е даден одговор има дополнителни прашања или сакаат да кажат дека се задоволни или не задоволни од одговорот.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Меѓу поставените прашања во текот на поранешните седници имам добиено одговор на две пратенички прашања. Меѓутоа, не сум задоволен и од двата одговора. Моето пратеничко прашање го дополнувам. Од

одговорот, ми се чини како ресорните министри да сакаат да ја избегнат одговорноста од недобро организираните работи во своите ресори. Само да ве потсетам првото прашање е поднесено до ресорниот министер за внатрешни работи на Република Македонија и меѓу другото сведоци сме дека за поднесените барања се чека повеќе од четири месеци. Дали ресорниот министер и неговите соработници се чувствуваат морално одговорни за незаконското постапување и дали размислуваат работите на друг начин да ги организираат. Се работи за постапката за утврдување, односно стекнување на државјанство на Република Македонија. Одговорот гласи вака: Од донесувањето на Законот за државјанство на Република Македонија "Службен весник на Република Македонија" број 27/92 година во Република Македонија се регулирани вкупно 40 илјади државјанства по сите основи. До сега вкупно по член 2 6 од Законот поднесени се 28 барања од кои решени се 15 илјади. Најголемиот дел од барањата за прием во државјанство поднесени се пред истекот на законскиот рок 11.11.1993 година и покрај тоа сите граѓани кои поднеле барање до 11.11.1993 година а ги исполнуваат законските услови, статусот ќе им биде регулиран, согласно важечките прописи на денот на поднесување на барањето и тоа најдоцна до крајот на месец февруари 1994 година. Напомнувам дека на сите граѓани на кои им било неопходно државјанство за остварување на некое друго право, патни исправи и друго барањето било решено веднаш, што не е вистина, можеби во мали случаеви, кога некој од пратениците ургирал или некој друг кој е влијателен, кој може да влијае на ресорното министерство, односно на човекот кој е директно надлежен за таа работа. Јас како претседател на Комисијата за жалби и поплаки неколку пати постапувајќи по барањата на граѓаните сум интервенирал, меѓутоа господинот Костовски не се наоѓа во Министерството, или избегава да се јави и уште полошо е тоа што и другите не знаат кај се наоѓа.

I/3.-

Според тоа, моето прашање дополнително гласи: Сите овие барања Министерството одлучува според постапката на законот на општата правна постапка. Од поднесувањето на барањето до решавањето треба најмногу првостепениот орган за барањето да се произнесе во рок од 30 дена ако постапката е потешка, со тоа што второстепениот орган има право на 60 дена. Сметам и барам одговор колку предмети од поднесените барања се решени во овој рок, дали и понатаму Министерството се чувствува за морално одговорно, поради тоа што го предложи за законот, вели дека со толкави средства, со толкава работна сила ќе можеме да им излеземе во пресрет на граѓаните на Република Македонија, а тоа не го прави и трето, луѓето се малтретираат и не можат да ги добијат патните исправи или други документи за патување на друго место и четврто, што мисли министерот дали треба да го продолжи рокот на членот 26 од актуелниот закон.

И второто пратеничко прашање поставено до министерот за финансии во однос на работата на девизниот инспекторат. Одговорот приближно гласи вака: Состојбата на податоците на 1.11.1993 година е следна. Во 1992 година заедно со пренесените нерешени предмети од 1991 година во Одделението за девизна инспекција примени се 668 пријави за девизни прекршоци од граѓани од Република Македонија. Во извештајниот период решени се 240 предмети, од 668 предмети, додека пак во 1993 година до 1.11.1993 година примени се 938 пријави против домашни граѓани, а во истиот период решени се 209 предмети. Според тоа нерешени предмети против домашни граѓани има вкупно 1157 барања, меѓутоа бројката е поголема кога ќе се земе и бројот на предмети против странски граѓани. Дали може од ова да се констатира дека правната држава не ни функционира, дали може да констатираме дека Владата не ја извршува и ја обавува својата работа и дали би можело ресорниот министер или Владата да изнајдат начини да го решат ова прашање. Подобро би било на тие граѓани кои чекаат по две или

повеќе години да им се рече дека на државата и требаат пари, односно секој може да работи како што сака. Според тоа, ја сметам дека правда е онаа правда која е достижна, која е брза и која е ефикасна и се решава за кратко време. Според тоа, људство има, квалитетни луѓе има, кадри има, просторни можности можат да се најдат односно овде е неефикасно и Министерството и Владата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, одговорот на пратеничкото прашање дава повод и да се даваат и такви критични забелешки за состојбата во областа на решавањето на споровите за девизните прекршоци. Меѓутоа, кога се повикува дали сме правна држава, или не сме, треба да се знае дека сме држава која во текот на оваа и минатата година се конституира како таква со сите системски и други закони кои се основна претпоставка за функционирање на правната држава.

Предметите кои се натрупани и нерешени во девизниот инспекторат и кои се предмет на одговорот на ова прашање, потекнуваат и од времето кога девизниот инспекторат и девизната инспекција била сојузна. Ние наследивме огромен број такви предмети и Комисијата пред да се донесе Законот за девизно работење, второстепеното одлучување беше во надлежност на владината комисија. Таа комисија на Владата и претходната Влада а и оваа, не разгледа скоро ниеден предмет. Со донесувањето на новиот Закон за девизно работење во април 1992 година, второстепеното одлучување се пренесе во Министерството за финансии. Се наследи состојба од тројца или четворица инспектори кои водат постапка, поради неуредените односи со соседните држави, порадш неуредените односи со премините итн., бројот на прекршоците беше огромен. Ние сме презеле . мерки, сакам да го информирам пратеникот, доста мерки и веќе девизниот инспекторат го зајакнуваме и со двајца инспектори што ги именува  на предлог на министерот за

финансии Владата на Република Македонија. Преземени се сите организациони мерки, масовно ги решаваме предметите и од прв степен и од втор степен, со основањето на Комисијата при Министерството за финансии и мислиме дека наскоро овие предмети ќе бидат сведени во нормална мерка и сме презеле и таква мерка и приливот на предметите да не биде онаков каков што беше во еден сложен период кога сеуште немавме Закон за девизно работење републички. Мислам дека за кратко време сета оваа ситуација ќе биде сведена во нормални рамки.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас и вчера реков дека од добиениот одговор на поставеното прашање до кога нашата држава преку патничките возила и други теретни возила наменети за превоз на патници ќе носат ЈУ ознака. Имам добиено одговор со кој не сум задоволен во кој ми се појаснува дека била преземена постапка и дека во процедура е изработка на правилник.

Моето прашање не беше поставено во смисла дали е во процедура донесување на правилник за изработка за употреба на државната ознака како домицилна припадност на возилото, туку зошто овие ознаки сеуште и по осамостојување на македонската држава се користат како ознаки за домицилна припадност на нашите возила, иако знаеме кога одат нашите возила на страна има голема непријатност, затоа што ембаргото е према Југославија, не е према Македонија, се симнуваат, па повторно се ставаат, меѓутоа, министерот не ми даде одговор. Барам сега веднаш да ми се даде одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој од министрите може да одговори на ова прашање.

(Нема никој од Министерството за внатрешни работи) .

I/6.-

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас исто така добив одговор на моето пратеничко прашање од господинот министер за правосудство Туше Гошев и на големо се зборуваше по повод прашањето, а се однесуваше за тоа дали при продажба на општествени станови се почитувани основните одредби од член 67 и 68 од Законот за станбени односи. Меѓутоа, не сум задоволен од одговорот каде што не стои каква е улогата на јавниот правобранител во испитување на случаите каде се повредени основните одредби од член 67 и член 68, бидејќи знаеме дека изјави за да се купи станот се давани под материјална кривична одговорност и се стекнувале потврди од Секретаријатот за имотно правни односи, значи под кривична одговорност и ме интересира кој ги проверува тие, односно кој ја проверува веродостојноста на тие изјави дадени во ова ресорно министерство и бидејќи знаеме дека има многу случаи каде што корисниците на општествени станови и немаат право да го купат станот према основните одредби на членот за станбени односи членовите 67 и 68, си ги купија становите и веќе се оттуѓени, ги продадоа становите. Ме интересира кој ги проверува овие изјави што се дадени под материјална и кривична одговорност и дали веќе против такви лица е преземено нешто. Може министерот сега да ми одговори, а може и во писмена форма.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Согласно на одредбите на Законот за продажба на општествени станови, улогата на јавниот правобранител е од моментот на заклучувањето на договорот за продажба на општествен стан, согласно на одредбите на Законот за продажба на општествени станови, судот е должен таквите одговори да ги пропрати до јавниот правобранител, а јавниот правобранител во рок од шест месеци да ги провери сите наоди кои се битни или релевантни на заклучување на тој договор и доколку

утврди било какви дефекти со заклучувашето на договорот е должен во рок од шест месеци да покрене постапка пред надлежниот суд за раскинување на таквиот договор. А што се однесува за поднесените изјави за кривична одговорност, доколку некој ја злоупотреби дадената изјава во врска со заклучување на самиот договор, тогаш по службена должност јавниот обвинител е должен да покрене постапка пред надлежниот суд за давање на лажни изјави пред суд, односно некажување веродостојни факти за заклучување на одреден договор за купување на општествен стан. Такви пос-тапки има покренато ако сакате можеме во една статистичка анализа да ги дадеме.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Јас се согласувам со заклучокот на господинот министер и барам една информација ако може да се даде колку такви случаи има, каде се впуштил јавниот правобранител да расчисти каде се повредени овие основни одредби во овој закон.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Помеѓу 66-та и 67-та седница на Собранието поставив прашање кое гласеше: "Собранието на Македонија на седницата одржана на 27 јануари 1993 година ја усвои Информацијата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во 1992 година и притоа по заклучоците по Информацијата го прифати следниот Заклучок: При утврдувањето на Републичкиот буџет за 1993 година и од други извори да се предвидат средства наменети за финансирање на изградбата на хидросистемите Коњско и Миравско поле од системот за наводнување Гевгелиско поле.

Прашањето што беше поставено тогаш се однесуваше на тоа што досега Владата презеде за реализација на овој заклучок и што мисли да преземе за отпочнување со изградба на хидросистемите Коњско,

односно коњската брана и Миравско поле од системот за наводнување Гевгелиско поле". Владата даде одговор дека тој проект е од исклучително значење и вклучен во иницијалната програма за интегрален развој на Вардарската долина.

Не сум задоволен од дадениот одговор и поставувам дополнително прашање. Веќе десетина години тој проект се вклучува во некои планови, или програми, меѓутоа, ништо не е преземено. Затоа ме интересира што ќе преземе Владата за да го спроведе овој заклучок што е во 1994 година и дали дел од средствата кои како странски кредити што ќе бидат одобрени на Република Македонија, ќе бидат насочени за оваа намена за отпочнување со изградба на хидросистемите Коњско и Миравско поле, пред се за изградба на Коњската брана.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

Беше кажано дека одговорот е даден, меѓутоа господинот не е задоволен и накнадно прашува какви се шансите за овие хидромелиоративни објекти во 1994 година. Како што знаете бидејќи вие го донесовте Буџетот, не се предвидени средства, се работи за скапи објекти, не би смеел сега да ви ја кажам пресметката колку е за овој објект, меѓутоа, се работи за неколку десетина милиони долари, тоа го знаете.

Во однос на помош од странство, сакам да кажам дека во врска со Светската банка и ФАО Министерството има интензивна активност и дека се подготвува еден кредит вон овие кредити што се по друга линија подготвуваат кој што е строго наменет за земјоделски намени и од високи функционери на ФАО ми беше ветено дека до крајот на 199 3 година ќе дојде и екипа која што ќе го елаборира проблемот со инвестирање, односно доделување на поволни кредити на Република Македонија за изградба за овие значајни хидромелпоративни објекти. Таа екипа не дојде до крајот на 1993 година, се надеваме дека ќе дојдат

I/9.-

овој прв квартал на 1994 година и во таа смисла би одговорил дека не само овој објект што е на подрачјето на општина Гевгелија, и други објекти се многу значајни и во согласност со нашите разговори по овој ресор земјоделство и водостопанство инсистираме особено на овој дел каде што има и еколошко значење во врска со Дојранското Езеро му даваме голема предност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара г-дин Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, нас едно од претходните седници стана збор во врска со игрите околу нафтата во Македонија. Тогаш беа поставени повеќе прашања. Добивме одговор на две прашања и тоа на едното дека ДП односно дека Владата нема никакви докази дека ДП тргувала и се финансирала од продажба на нафта. Се разбира и тие што - прашуваа, јасно знаат дека е тоа така. И добивме уште еден одговор на едно мое прашање во врска со тоа дали Министерството зак> внатрешни работи издава дозволи за отворање на Фри шопови. Во одговорот стои дека не се работи за дозволи за отворање, туку се работи за дозволи за издавање на локации за изградба на објекти на оној пограничен појас. Може и таков одговор, да стои зашто и одговара на суштината на прашањето, и ако на дел од прашањето што беше малку поинаку поставено нема одговор.

Меѓутоа, во таа прилика поставив јас повеќе прашања. Некаде 14 или 15. На тие прашања нема одговор. Сега јас би рекол дека барам да се одговори и на другите прашања и едновремено прашувам дали деловнички е потребно да ги повторам прашањата или е доволно што тие веќе се запишани во тој стенограм, а тој стенограм го има Владата, па во приликата што следи тоа да се направи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Врз основа на стенограмот е направено писмо до Владата со сите прашања. Значи, сега вие интервенирате да се одговори.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас за замолувам Владата да го погледне уште еднаш тоа и да даде одговор на другите прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор во врска со веќе добиените одговори. (Не)

Минуваме на поставување на пратенички прашања.

Има збор г-динот Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

До Владата на РМ ги поставувам следниве прашања и барам писмен одговор:

Прво, во оваа последна недела во Тетово и тетовско се слуша околу злоупотребите извршени во организационите единици на МВР во Тетово дека наводно се сменети определени одговорни лица. Во јавноста се зборува за разни малверзации. Според тоа прашањето е: Зашто МВР за да може овие вистини или невистини да ги потврди, дали ќе преземе нешто за да ја информира јавноста за што се работи?

Второ, во организационите единици на МВР во Тетово, Гостивар, Дебар и на други места, голем е проблем за добивање на патни исправи од страна на граѓаните. Има случаи кога граѓанин треба да отпатува во странство, има авионски билет, меѓутоа, органот не е во можност да му излезе во пресрет на граѓанинот. Што мисли министерот и Министерството и дали може на друг начин да ја организира работата за да можат граѓаните да ги задоволат своите потреби за добивање на патни исправи.

II/3

Трето, во поседено време од разни граѓани на РМ има жалби нас постапката на сообраќајните полицајци, посебно овие граѓани што на привремена работа во странство и поседуваат коли со странска регистрација. Тие се жалат на постапката на полицајците и велат дека намерно овие граѓани, без разлика дали извршиле или не извршиле прекршок, се застануваат и на некој начин дури се шиканираат. Моето прашаше е последната година колку прекршочни барања односно пријави се поднесени до судијата за прекршоци во Републиката против вакви лица, за колку одлуки е одлучено и колкава е казната. Се случува на лице место од граѓаните да се плати казна која казна е висока и граѓаните немаат ниту можност, ниту пак е законски предвидено да мора таквата голема казна да се плати на лице место. Во овој случај прашањето ми е колку и како се спроведуваат законските прописи по однос на ова барање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На овие прашања ќе се одговори писмено.

Има збор пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Бидејќи од 1992 година од Владата нема добиен ниту еден одговор на моите поставени прашања, некои прашања повторно ќе ги поставам можеби по трети или четврт пат, а некои сенови.

Моето право прашање е како ќе се однесува Владата на РМ кон својот коалиционен партнер, политичката партија ПДП после изјавата на нејзиниот екс лидер Халили Невзет дека цитирам:

"За време на Тито дури и во времето на II Светска војна под италијанскиот окупатор ни беше подобро отколку сега".

Ако се знае дека за II Светска војна западниот дел на Македонија беше под окупација на таканаречената Велика Албанија и само во 1943 година беа протерани илјадници и илјадници Македонци од своите огништа односно имаме едно своевидно етничко чистење со опожарување на македонските села и со убиства на Македонците од страна на припадниците на фашистичките организации на Албанското малцинство таканаречените Балисти, тогаш се поставува прашањето дали една ваква изјава на овој екс лидер на партијата ПДП не е чисто лицемерие. Се надевам ако Владата не може да ми даде усмен одговор, тоа писмено ќе го добијам.

Второто прашање ми е што ќе направи Владата на РМ за заштита на македонскиот државен простор од употреба на симболи на странски држави. На пример за прославата на годишнината на таканаречениот Конгрес за албанска писменост воопшто не беа истакнати македонските знамиња и не беше исполнета македонската химна, туку химната на Република Албанија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас молам што е прашањето и до кого се поставува. Треба да се постави прашањето и до кого е упатено.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Што ќе стори Владата јас така почнав, г-дине претседателе еве ќе го повторам уште еднаш прашањето изгледа не сте слушале.

Повторувам, второ прашање за претседателот на Собранието - што ќе направи Владата на РМ за заштита на македонскиот државен простор од употреба на симболи на странски држави. Тоа е прашањето.

II/5

Сега го елаборирам зошто го поставувам ваквото прашање. На тоа имам право согласно Деловникот. На пример за прославата од таканаречениот Конгрес за Албанска писменост воопшто не беа истакнати македонските знамиња и не беше исполета македонската химна, туку химната на Република Албанија. За прославата на Албанскиот државен празник 28 ноември во Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Струга и т.н., исто така не беа истакнати македонски знамиња и не се свиреше македонската химна, туку исклучиво беа употребени симболите на Република Албанија. На сите овие манифестации присуствуваа и официјални државни органи преку министрите во Владата на РМ и потпретседателот на Владата на РМ. Тоа е елаборацијата на моето прашање. Се надевам ако некој има да одговори, го гледам министерот за правосудство е тука, ако е во негов ресор би можел да ми даде усмен одговор на оваа седница.

Третото прашање до Владата, односно во овој случај до министерот за правосудство по повод одлуката на Уставниот суд за заштита на уставноста и законитоста со девизните заштеди на граѓаните. Прашањето е што ќе стори Владата за разрешување на проблемот на девизните штедни влогови на граѓаните, ако знаеме дека Уставниот суд на некој начин пред некој ден донесе една одлука од што граѓаните што имаат девизни заштеди не беа задоволни и се изјаснија дека преку нивното здружение ќе поднесат претставка до меѓународниот суд во Хаг. Тогаш се поставува прашањето дали ние како правна држава треба да ги штитиме интересите односно Владата како извршна власт ги штити интересите на своите граѓани во однос на деловничко - доверителните односи. Знам дека г-динот министер има искуство во оваа правна регулатива во областа на деловничко - доверителните односи и се надевам дека ќе даде одговор на прашањето.

II/6

Четврто прашање ми е до Владата на РМ за тој таканаречен посебен Службен весник на РМ. Ако се знае дека во Уставот на РМ сите акти, закони и други прописи се објавуваат во единствениот Сл. весник на РМ, тогаш ме зачудува, односно поставувам прашање до Владата исто министерот за правосудство може да одговори за тоа, дали има уставна основа аз постоење на посебен Сл. весник на РМ, каде одреден министер, во овој случај министерот за внатрешни работи донесува свој прописи во областа на примената на алтернативните техничките средства и методи во Службата за државна безбедност во кои што одредби стои дека секој во оваа држава може да биде на некој начин односно да му биде оспорено гарантираното уставно и законско право за неповредливост на тајноста на писмата и другите средства за општење, почнувајќи од претседателот на општината и завршувајќи до еден обичен граѓанин. Дали во една држава која себе си се смета правна, односно има правна регулатива почнувајќи од Уставот и другите закони, а може еден единствен човек да се наметнува над целокупната држава и да донесува посебни прописи објавени тајно во посебен Сл. весник на државата за чија што спорност односно за тоа дали треба да постои таков Сл. весник, дали има уставен основ, го поставувам прашањето до министерот за правосудство. Тоа се моите четири прашања, се надевам дека за овие за кои можам да добијам одговор по усмен пат, ќе добијам, а на другите по писмен пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали министерот бара збор.

Има збор министерот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Согласно на законите за употребата на знамето и државните симболи до колку не се придржуваат на законот, се поднесуваат прекршочни пријави а надлежните судови изрекуваат соодветни мерки. И тука нема што не е јасно, зашто е регулирано согласно законите. Што се однесува за одлуката на Уставниот суд, согласно Уставот на РМ, одлуките на Уставниот суд се конечни, извршни и нема никој право да ги толкува, ако сакаме да бидеме, нормално правна држава, а во таа правна држава постои строго формална процедура и во материјалните надлежности на Уставниот суд не може никој да ги толкува одлуките. А Владата презема соодветни мерки за разрешување на проблемите на штедачите. Уште со Законот за продажба на општествените станови, можам да ви кажам дека Владата продаде 34 илјади општествени станови од каде што некаде околу 210 милиони марки беа отпишани од штедните влогови на граѓаните кои беа и некаде околу 40-50 милиони марки готови пари во Народната банка на РМ. И понатаму, со предложениот закон за продажба на деловниот простор на РМ и формирањето на јавното претпријатие што на последната седница Собранието го донесе тој закон, сметаме дека вкупно 22 7 илјади метри квадратни продажен простор на РМ, во таа продажба на тој деловен простор согласно на законот за девизните штедни влогови, очекуваме да се отпише или отплати во РМ на штедачите некаде околу 300 до 400 милиони германски марки штеден влог. Значи дека Владата сепак во тој краток период презема соодветни мерки. Би можел да кажам дека некаде околу 20 до 21% од продажбата на општествените станови вредноста е отпишана од штедните влогови на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно има збор г-динот Стоиле Стојков,

II/8

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Во однос на прашањето за употребата на химната и знамето на РМ, поцелис8ходно ќе беше министерот да одговореше дали, тој сигурно има информации се поднесени прекршочни пријави. Ние сите знаеме дека се тоа прекршоци, ако не се почитуваат знамето и химната на државата, во овој случај на РМ. Меѓутоа, таков податок не добив. Мене ме интересира дали во овој случај има поднесено прекршочни пријави, тоа е едно, второ, сведоци сме дека тоа беше презентирано на програмите на МТВ во оној дневник што се емитува на Албански јазик. Секаде се види и низ сценографијата на самото одржување на тие манифестации дека воопшто никаде не постоеше македонското знаме, дури беше донесеена и химната на Република Албанија. Затоа, дополнително се надевам ќе ми одговорите дали имате информации дека се поднесени прекршочни пријави против организаторите на овие манифестации.

За девизните заштеди вие многу добро знаете дека во Уставот на РМ е гарантирана сопственоста што е неприкосновена и ние како држава почитувајќи го правото како уставна категорија, тоа го гарантираме. Меѓутоа, за што се работи. Девизните заштеди се сопственост на граѓаните и тие имаат уставно и законско право да располагаат со својата сопственост. Нема ограничуваше на сопственоста согласно Уставот на РМ. Во тоа е прашањето. Зошто тие граѓани не можат да располагаат со својата сопственост. Овде имаме ограничување на сопственоста, нешто што се случувало 1946 и 1947 година кога насилно Исто така беше ограничувана сопственоста. Сега имаме повторно ограничуваше на сопственоста. И нормално, за овој посебен Сл. весник

на кое прашање не ми одговоривте, а се надевав дека ќе ми одговорите, врз основа на кои уставни одредби РМ има посебен Сл. весник така да го наречам таен службен весник какво правно дејство ќе имаат одредбите во таков таен Сл. весник,ако сите граѓани на РМ не се запознаени со одредени акти или подзаконски прописи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ.**

Сега веќе прашањето има друга димензија, јас ќе приберам податоци и вие ќе добиете точно против кого има поднесено прекршочни пријави.

Што се однесува до штедните влогови, оваа Влада ги наследи и штедењето е должничко - доверителен однос во кој странките диспонираат со своите права и обврски и тие можат да ги остваруваат тоа не може никој да им го гораничи на странките, затоа што в слободна диспозиција на странките, таа заклучува договор и од тој договор има позитивни и негативни последици а кој не го почитува договорот има надлежна постапка во институции каде што можат да си остварат своите права.

И третото што се однесува до тајниот Сл. весник на писмено ќе го добиете како одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Минов.

III/1/CJ/лј

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас имам неколку кратки прашања. Првото прашање е до Министерството за информации и до директорот на Македонската телевизија, а се работи за следното: Во неколку наврати јас за овие две ипол односно три години на двапати поставував прашање кое се однесува за користење односно гледање на македонската програма, односно програмата на македонската телевизија во дел на населението во Куманово. Се работи за Криворечкиот крај во кој гравитираат повеќе од 30 населени места, а зафаќа дел од Светиниколско и Кратовско, не се во можност воопшто да ја гледаат програмата на Македонската телевизија. Единствено во овој момент тие ја гледаат програмата на соседните земји, така да мислам дека тоа е сосема неисправно и се поставува прашањето: Дали Македонската радио телевизија заедно со Министерството за информации има можност да ја обезбеди програмата за овој дел на населението за да и ова население биде во можност да ја гледа програмата на македонската телевизија? Тоа е прашањето.

Второто прашање се однесува до министерот за земјоделие. А прашањето е следното: Дали Министерството за земјоделие во текот на оваа година има преземено одредени активности околу разрешување на проблемот кое настанат околу наплата на водарината односно во надоместокот од корисниците на браната Липково и Глажња, а се однесува тоа за општина Куманово.

Во овој момент проблемот е доста изострен, дури ескалиран, и мислам дека ако Министерството во овој момент не премезе некои поконкретни мерки има шанса тоа незадоволство да биде пренесено и во другите институции, а пред се пред Владата, пред Министерството итн. Па би молел Министерот за земјоделие да ми објасни дали има преземено некои мерки, не само за овој систем, може би се однесува и

за другите системи, во другите општини, меѓутоа јас конкретно за општина Куманово? Во контекст на ова прашање следува и прашањето кој ја одредува цената за водоснабдувањето, дали Министерството за земјоделие и водоснабдување или се работи за организацијата која обезбедува таква услуга.

Третото прашање се однесува до Министерството за образование. Голем дел на просветни работници кои работат во основно образование, се поставува следното прашање. Зошто личните доходи односно платите на соодветна иста квалификациона структура во основното образование е помала во однос на платата во средното образовани и зошто секогаш основното образование добива личен доход односно плата за десетина дена после средното образование. Дали е тоа така министерот ќе даде одговор.

И уште едно прашање, а тоа се однесува до министерот за здравство и до министерот за труд и социјална политика, дали сите министерства најдоа можност да го разрешат проблемот околу зелените картони на лицата кои се евидентирани во бирото за вработување, а се донесува за стечајните работници, за лица кои користат материјално обезбедување и лица невработени. Во рамките на Република Македонија постојат околу 50 илјади такви лица и засега барем според моето информирање овие лица се лишени да ја користат здравствената заштита заради тоа што немаат зелени картони. Благодарам

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Се разбира на прашањето од областа на образованието. Делумно е точна констатацијата на пратеникот Арсовски дека наставниот кадар во основното образование веројатно дека има помали примања покрај другите причини сигурно и тоа квалификационата структура која особено во еден дел на учителските школи релативно помалку платена, беше според критериуми помалку платена и за да се изедначи структурата на

оние кои имаат виша наобразба, 1, 70 по коефициент 2,30 сигурно нешто за тој лол, од инаку вреден образован кадар зема одделна сума на средства. Не заборавете основното образование околу 7% од сите средниcти се со учителско образование. На преиспитување се сите параметри околу наградувањето во сите степени на образованието и во долгедно време до парламентот и до пратеникот сигурно ќе можеме подетални податоци по тоа прашање да речеме.

По однос на вториот дел на прашањето настанува збор за нешто подоцна и нешто порано затоа и самата Влада одлучи како се собираат буџетските приливн така и да се обезбедуваат одделни структури средствата за личен доход. Владата одлучи за разните корисници на буџетски средства по можност по исти термини да се врши исплатувањето на средствата заличии доходи. Во изминатиот период имаше некои пертурбации кои се изразија во тоа што за некои категории месецот изнесуваше 40 дена, а за други 20-тина. Став на Владата корисниците по еден во сталeн редослед да ги примаат средствата за личен доход и секогаш месецот по можност да им испаѓа 28, ако е февруари, или 30 дена благодарам.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

На прашањето на господинот Бранко Арсовски би можел да одговорам веднаш во смисла дека во проблемите со Липковскиот систем се разбира нашето Министерство како ресорски надлежно апсолутно е во тек, меѓутоа при ова морам да кажам дека министерството и сите министерства во вакви случаи немаат медијаторска улога, улога на посредник улога да судрените страни, ќе задоволни да ги сослуша и да ги упати едноставни да посредуваме, ние немаме ингеренции во она што се вика облигационен финансиски однос. Така да ние и господата од Управата за водостопанство од Куманово ги викавме неколку пати, водокорисниците од овој систем беа на два три наврата во нашето

Министерство, ние ги сослушавме и се трудиме меѓу себе овие субјекти да најдат едно заедничко решение имајќи ги во предвид овогодишните состојби со сушата и недостатокот на вода, сепак да дојде до заедничко решение бидејќи овие субјекти се подредени еден на друг. Министерството нема ингеренции да пресече и ни на едните, ни на другите да им нареди земајте толку пари или толку пари.

Бидејќи господинот Арсовски праша како е состојбата воопшто во 9 3 година со водостопанските организации, должам одговор, а ја користам и приликата во врска со наплата на водниот надомест тоа е проблем што е рак рана во Македонија, тој е многу проблематичен, тука дури би рекол дека се употребува и непринципиелно логирање од типот водата е од народ, за народ и' нема потреба да се плаќа. Ние како министерство јасно сме рекле ништо нема џабе, па ни вода нема џабе меѓутоа мора да се најде една согласност и да не доаѓа до претераност и затегнати односи. Во некои подрачја особено во Источна Македонија само 20 до 30% од водниот надомест собираат водостопанските организации што нив ги доведува во катастрофална тешка ситуација, тие постојано доаѓаат кај нас и ги презентираат своите егзистенционални проблеми.

И уште само две реченици, проблематиката во водостопанството што ја покренавме е многу тешка пред оваа говорница и друг пат се очекува може би најкрупни капитали што имаме овде се ценат на 2,5 милијарди долари вредноста на сите системи кои се во многу лоша состојба, во руинирана состојба, претпоставувам дека делумно овие проблеми ќе се решат и со законот за води кој што верувам што побрзо ќе излезе, ние го имаме доставено до Владата и ќе се најде во предвидените казни, мислам ќе оди во две фази, пред ова Собрание.

Благодарам.

III/5.-

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Јас сум должен да одговорам на првото прашање на господинот Арсовски, во врска со приемот на телевизиската програма во регионот на Криворечка, со оглед на тоа дека се работи за една сложена структура на прашања и за еден сложен проблем, во овој момент не сум во состојба да дадам прецизен одговор, освен оној што во рамките на министерството за информации заедно со МРТВ се прави за целосниот отпор на територијата на РМ и покривање на програмата на МРТВ. Попрецизна информација Владата ќе ви достави по писмен пат.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека сум задоволен 95% од одговорот на троицата министри, меѓутоа, господинот Анчев заборави да ни каже кој ја утврдува цената на водоснабдувањето дали министерството или тоа е допуштено ислучиво на водостопанската организација. Засега постои голем проблем, водостопанската организација е заинтересирана да има поголема цена, без да ги вклучи корисниците на вода и тука јас гледам еден голем судир. Јас можам да ја качувам цената толку колку што можам да земам личен доход, небазирајќи се на можностите што треба да ги даде оној кој што го користи тоа. Јас имам лично убедување дека тука' треба да се доставаат односите, оној што користи и оној што дава услуга преку одреден договор за да заеднички се утврдуваат цените. Кога ќе се утврди цената тогаш не би имало ни одредени проблеми околу наплатата. Не ми дадовте одговор токму во тој дел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмото ќе одговори на вториот дел.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, прашањето ќе биде од мојата изборна единица од која со контакт со мојата изборна база добив сознание дека

III/6.-

шумскиот или црн селски пат кој поаѓа од село Жеглјане оди преку село Кокино до село Арбанашково и село Длабочица се наоѓа во многу лоша состојба, па достапноста за овие оддалечени села на Козјачијата е мошно исклучиво со специјални теренски возила со кој моментно располагаат претставниците на УНПРОФОР и полицијата. Присутен е фактот дека оштетувањата на патот кој всушност претставува пат под знак на наводите, значи обичен селски пат, е исклучиво резултат на интензивно користење на истиот од страна на тешките теренски возила на УНПРОФОР, полицијата и АРМ при контролирање на границата со СР Југославија. Морам да кажам дека истиот пат го користи и шумско стопанство од КУМАНОВО кое не располага со адекватна градежна механизација за да ги поправи оштетувањата од патот, морам да кажам дека оштетувањата се дупки со огромна димензија и за да може да го оспособи за користење на овие најоддалечени села на козјачијата кои сега останувaат навистина отсечени и без можност на нивните жители да им се пружи итна медицинска помош, а единствените две продавници во село Арбанашко и село Длабочица да бидат редовно снабдувани со неопходни прехранбени производи кои се неопходно потребни за живот на село.

Ситуацијата уште повеќе се усложнува од фактот што телефонска врска со градот и службата за итна медицинска помош се можни до 13 часот, а единствената радио станица на Центарот за известување и тревожење се наоѓа во шумската кукичка на шумското стопанство што попладневните и вечерните часови не може а се користи за повик.

Соочени со големите потешкотии жителите од село Длабочица Буковљане Цветишница и Арбанашко, заболентие граѓани, а тоа се најчесто лица од длабока старост просечна старост 75 години ги транспортираат со коњи до село Жеглјане до каде што може да стигне

Службата за итна медицинска помош, оти и возниот парк е веќе дотраен. Значи не може да го користи и оној веќе дотраен селски пат.

Прашањето Ви се поставува во следното: Имајќи ја предвид. итноста на проблемот и реагирањата на овие граѓани прашувам: што ќе преземе Министерството за градежништво, урбанизам и врски, и екологија да во најкраток временски период ги обави потребните поправки на црниот селски пат и - тоа мислам на пополнување на делот од патот и проширување на истиот како не би се осветувале и новите населби со пченица во нивите па да граѓаните од село Кокино, Арбанашко, Длабочица и Вуковљане на кои не по нивна вина тешките теренски возила на УНПРОФОР и МВР им ја оштетија единствената комуникација како што рекол во знак на наводници и да можат во иднина без проблеми да добиваат итна медицинска помош, редовно снабдување со намирници и да можат да го пласираат земјоделското и стопанство производство на пазарот.

Морам да кажам дека господинот Шундовски овде не го гледам тој замина, има обврски, јас ова усмено му го соопштив и добив начелна согласност, знам дека ова може би е проблем, повеќе на општина Куманово отколку на Републиката, меѓутоа патот е навистина оштетен заради тоа што интензивно се користи за специјална намена. Според тоа алудирам на итноста на проблемот со механизација да се пополни патот, не да се прави нов пат сигурно, да се пополни и да се прошири и да може да се користи за комуникација.

Благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали претставник на Влада ќе одговори на поставеното прашање.

На прашањето писмено ќе се одговори.

Има збор пратеникот Џелал Таири.

III/8.-

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, моето прво пратеничко прашање се упатува до Министерството за здравство кое гласи: Што има преземено ова Министерство во врска со поднесеното барање за формирање на стручна комисија поднесена од г-дин Мемеди за утврдување на причините за влошување на здравствената состојба на единаесет годишната ќерка Мафие Мемеди каде при обидот да му се извади паричка и е повреден езофагусот при што како последица на ова истата починала.

Имајќи ги во предвид бројот на доцентите и други од медицински персонал по оваа област сакам да ми се одговори по писмен пат под кои околности дојде до ова.

И Второто пратеничко прашање се однесува на Министерството за земјоделие кое гласи: Имајќи ја во предвид иницијативата за изградба на канал испод Шар од Гостивар до Тетово и иницијативата на индивидуалните земјоделски производители за учество во финансирањето на овој објект при што е изготвен и идеен проект, дали надлежното министерство стои зад поддршката на овој проект.

На двете прашања барам да ми се даде писмен одговор.

Благодарам.

IV/1.- ПЈ/ВБ

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали Владата прифаќа за писмен одговор? (да)

Има збор пратеникот Неџати Џафери.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Имам три пратенички прашања.

Како прво пратеничко прашаше е до Министерството за внатрешни работи и тоа во подрачното министерство на МВР во Гостивар за добивање на лични документи често пати се собираат и до илјада граѓани, чекајќи дисциплинирано редици за да се здобијат со овие документи и често биваат малтретирани од дотичната служба, па во такви амбиенти е поволна почва за разни негативности и појава со мито и корупција. Прашање е дали досега некој од дотичното министерство на подрачното министерство на Гостивар е пријавен на судските органи за вакво дело.

Второ прашање е до министерот за стопанство. Една од хидроелектраните во хидросистемот Мавровски хидроелектрани, хидроелектраната "Равен", која е лоцирана во атарот на оваа месна заедница и ја искористува инфраструктурата и инфраструктурните објекти на оваа месна заедница!, а од друга страна од 116-те вработени во оваа организација само еден е граѓанин на оваа месна заедница, иако имало заинтересирани кадри за да се вработат во оваа организација.

Прашувам, зошто не се примени граѓани од Равен во хидроелектраната "Равен".

Трето прашање до министерството за земјоделство, во времето на формирање на задругите во село Врапчиште е национализиран селски имот, обработливо земјиште од околу 70 хектари. Која по неколку трансформации денес е сопственост на Горни Полог - Гостивар, кој со низа години не ја обработува. Прашувам кое е наше право за да се врати ова обработливо земјиште.

IV/2.-

На првото права«»е барам писмен одговор, на второто исто, а на третото прашање ако сте да им се даде усмен одговор.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Министерот за земјоделство Ефтим Анчев.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

Претпоставувам дека се работи за тие 7СГ хектари, рековте Горни Полог, тоа е Кланицата од Гостивар. Ја знам дека тие имаат во власништво одреден земјишен фонд, кој што не го работат баш не го работат. Проблемот рековте дека е во тоа земја добиена со национализација од атарот на селото Врапчиште и проблемот со доаѓаше на таа земја е во врска со целата акција на денационализацијата која во Македонија се подготвува. Во тој правец, макар што не е во моја надлежност во Владата се елаборира таков закон, а јас во моментов не би знаел да кажам кога тој ќе се најде во собраниска процедура. Меѓутоа тие прашања и со национализација и на сточниот фонд што е вршено и на земјата и сега денационализација се решава со овој закон за денационализација.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

има збор господинот Џафери.

**НЕЏАТ ЏАФЕРИ:**

Во врска со ова прашање имам дополнително бараше или прашање, прашувам, Владата ..и министерот за земјоделство пред да се национализира оваа работлива површина во чија сопственост бил имотот. Ако може одговорот да ни се даде на писмено.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата прифаќа да даде писмен одговор? (прифаќа)

Претставникот на Владата прифаќа да даде писмен одговор.

Има збор пратеникот Ванчо Младенов:

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Сакам да поставам прашање до Владата. Во оваа состојба во Струмица моментално, сакам да кажам, се регистрирани цирка 3.000 стопански субјекти. Од тоа секојдневно, да кажам секој ден 120 - до 140 сопственици на тие стопански субјекти, да не речам директори, рабтоодавачи имаат неопходна потреба да патуваат на релација Струмица - Скопје. И тоа од едноставна причина што мораат да обезбедуваат одредени согласности, уверенија, сертификати, дозволи и сл. Сите тие патуваат со високо витражни автомобили и трошат дневно 4.000 литри гориво, што бензин, што нафта. Тоа претворено во вредност изнесува некаде околу 4,5 илјади германски мраки годишно 1.125.000 германски марки и зборуваат само заради тоа што треба да дојдат во Скопје и да бараат одредени согласности. А при тоа сакам да кажам дека во Струмица имаме истурено министерство на земјоделство, имаме истурено министерство за стопанство, имаме истурено министерство за финансии итн. А притоа, во сите тие истурени министерства не може да се заврши ниту една работа, не сакам да кажам дека е тоа некое овластување, или некоја власт туку една обична административна работа не може да се заврши. Од таа причина сакам да поставам конкретно прашање до Владата.

Дали, навистина Владата ги има согледано сите овие работи и дали навистина и таа самата има намера да се вклопи во сопствената стабилизациона програма и да го даде оперативниот дел на извршување

на одредени функции и задачи, тоа навистина да се заврши во местата и локациите каде ќе биде најблиску до граѓаните и каде ќе овозможиме да се прават најмалку трошоци за да, како што реков, не се трошат така големи средства, непотребно, да не се губат работни денови,. практично да дадеме придонес за стабилизација, пред се на стопанството на производството, на материјалната основа.

Оттука, пак сакам да повторам немам никакви намери за барање на некои посебни овластувања и одземање на одредени овластувања од Министерството. Напротив, бараме оној оперативниот дел, оној практичниот дел да се пренесе на сопствените единици за да можат стопанствениците, да не речам граѓаните да можат одредени работи навистина да ги извршуваат во местото на живеење и во местото на работеше и да не бидат принудени секојдневно да патуваат на оваа релација, а притоа да се прават огромни трошоци, кои не мора да се прават.

Би сакал да добијам усмен одговор, бидејќи писмен одговор не е потребен. А сакаат сите овие заинтересирани, стопанственици, граѓани да чујат дали Владата има намера во оваа смисла да преземе одредени мерки.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата ќе одговори на овие поставени прашања?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи се однесува фактички за три министерства, тоа е Министерството за односи со странство, Министерството за стопанство, Министерството за земјоделство, тој метод на работа на самото министерство за извршување на одредени управни работи, па оттука предлагам да се направи еден писмен одговор за да биде целисходно одговорено на тоа прашање.

IV/5.-

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали предлагачот прифаќа? (Прифаќа)

Има збор пратеникот Тодосија Паунов

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа. Сакам да поставам неколку прашања.

Прво, електродистрибуција наплатува некој данок, такса, надокнада за приклучок на електрична енергија на објектите на станбени згради, куќи и стопански објекти. Прашањето е по кој пропис, по кој закон се врши наплата на ваков данок и на вакви такси и колкава е тарифата за наплата на ваквите такси и кои приходи односно колку се приходите собрани од ваков вид на даноци и такси за последните три години од 1991 до 1994 година. И каде се наменети средствата, односно каде се потрошени средствата.

Второ прашање е до Владата на Република Македонија и го поставувам, дали граѓаните имаат право на регистрација на трактори и земјоделски машини на период од 10 години и дали има право на земјоделски машини и трактори кои се регистрираат, а кои се употребуваат исклучиво во земјоделството, . не одат на јавен пат и дали имаат право на намалена патарина и други даноци и давачки што се плаќаат при регистрацијата на тракторите и земјоделските машини. Доколку имаат право кога ќе бидат отпечатени, односно изработени таблиците, зелени таблици за земјоделските машини и кога ќе им се дадат на граѓаните. Може во писмена форма да се одговори.

Трето прашање до Владата на Република Македонија. Во периодот 1959 година до 1984 година е извршено пошумување на земјиште сопственост на граѓаните под изговор дека после пошумувањето граѓаните сопствениците кои плаќаат данок на тоа земјиште имаат право на користење на ваквата шума. Извршено е, пошумување на приватно

земјиште, на ниви, ливади и друго земјиште. Се поставува прашањето кој е сопственикот на ваквото земјиште и денеска плаќаат граѓаните данок. Дали е тоа шумско стопанство, дали е водостопанство или некој друг сопственик. Па барам да се одговори, се работи за општините Виница, Берово, Делчево и Кочани, а за други не знам дали има такви случаи.

Моите прашања можат во писмена форма накандно да ми се одговорат, не барам денес да ми се одговори.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали Владата прифаќа писмено да одговори? (Да)

Има збор пратеникот Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам две прашања. Првото прашање е до Владата, група од 140 пензионери од мојата изборна единица од Тетово доставија потписи, па се договоривме заедно со нив за да го поставам следното прашање.

Прво, зошто не се исплатени пензиите од заостанатата 1993 година/

Второ, каков е ставот на Владата и фондот за исплата на истите, бидејќи пензионерите се сомневаат дека ќе ги добијат. Ако мислите да ги исплатите, кажете го рокот до кога ќе бидат исплатени.

Второто прашање е зошто Министерството за образование и физичка култура на чело со министерот господинот Бајалџиев не се зафати со решавање на проблемите настани во основното училиште "Братство - Единство" од Тетово. Општо е познато со какви проблеми се зафатени учениците, вработените и родителите во ова училиште. Секојдневни физички, напаѓања и малтретирања на учениците

IV/7.-

македонци. Обврска е на родителите дали може или не секојдневно своите деца да ги водат на училиште и да ги враќаат од училиште. Никакви контакти и подвоеност помеѓу вработените македонци, раководниот кадар и вработените албанци, навреди, омаловажувања, заканувања и бојкот на наставата. На крај, промена на името на училиштата. г Се дава име увозено од Република. Албанија, а тоа е Мигени.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата ќе даде одговор?

Има збор министерот Бајалциев.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Јас сум му крајно благодарен на пратеникот Ковачевски за кој не сум уверен дека добронамерно го постави прашањето, а што ми дава прилика да одговорам. Сосема е произволна неговата констатација дека Министерството не пројавило интерес, не само министерството господине Ковачевски, туку и премиерот, и потпретседателите на Владата и Владата повеќечасовна расправа имала по ова прашање. За да не должам многу што се правела Владата и Министерството по ова прашање вам и на пратениците со дозвола на Владата ќе ви дадеме ако се разбира тоа е возможно, информација од повеќе 20-тина страни. По однос на ова прашање господине Ковачевски јас лично сум бил пет до шест пати во Тетово, сум присуствувал на состанок што јас го закажав со наставниците аланци, турци и македонци во училиштето, состанок кој траеше часови не знам освен на говорница или можеби во Културниот дом вие сте биле можеби таму и не сум ве сретнал во ниедна од тие прилики онака човечки, за вас достојно мислев дека сте човек од образованието. Сега во последно време разбрав дека не сте, затоа што многу често образовни теми допирнувате, но би сакал и со вас да поразговараме.

IV/8.-

Конечно, на последна средба пред некаде еден ипол месец, ако не и повеќе со сите структури од училиштето од таканаречените родители на децата албанци, родители на децата македонци, еден вид спонтани организации против кои ние жилово се бориме, зошто училиштата имаат одбој на родителите на децата при училиштата, после повеќе часовна расправа кај премиерот на Владата, со потпретседателите и министерто за образование и сите паритетно, условно да кажам, по еден до двајца застапени структури од наставник македонец произлезе предлогот училиштето, наместо апстракцијата Братство - Единство, да се вика Рацин и Мигени. На тоа кумуваше на наставничката ниеден немаше ништо против. На прашањето на премиерот повторувано во повеќе наврати безмалку и честитки паднаа од сите до сите и немаше никаков проблем меѓу најзаинтересираните, апстракцијата "Братство-Единство" да се преточи во една многу конкретна и убава, би рекол подадена рака на македонскиот народ и националностите во него, зашто станува збор за двајца социјални поети Кочо Радин, но и Милош Гeорѓиев Никола Мигени. Наместо тоа, бројни злонамерници се обидуваа да објаснат дека Мигени е географски поим што доаѓа од Албанија.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:** (продолжение)

Откако се врати еден број од наставниците Македонци, упорно повторно почнаа да жестат, не велам за сите, и не гледам, ако не се покаже од двете страни добра волја, не гледам што е друга причина Рацин - Мигени да значи се друго, а не една конкретна, би рекол преточена теза на едно сожителство во Македонија. И Рацин и Мигени како социјални поети умреле на многу млада возраст, неполни 30 години и двајцата имале.

Не знам, а со тоа ќе завршам, кому му е во интерес сето ова да го прикажува во една крајно, простете ми на изразот, злонамерна и со многу погрешна интонација - напливност.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Ковачевски бара збор.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитуван министре, не е ова се злонамерно, бидејќи од оваа говорница вие ширите лаги. Тоа слободно ќе Ви го кажам. Името Рацин - Мигени паднало во министерството. Јас имам записник каде што присуствувале, слушајте сега (му се обраќа на министерот) каде што присуствувале наставници и учители, родители на тие деца. Паднато е од премиерот Бранко Црвенковски, предлогот за Рацин и Мигени. Вие, како го претставивте тоа, ќе не расплачете.

Дека е пружена рака?! Како е пружена рака кога тие деца се малтретираат. Вие досега ништо не сте, можеби сте биле 6 пати, но резултати нема. Ако немаме резултати, значи не сте достојни за тоа место. Треба да има резултати. Тоа е точно така. И немојте да се служите со такви лаги во иднина. Рацин -Мигени, тоа е исто, што има врска Рацин со Мигени. Мигени е човек од Албанија. Тоа е увозно име,

вам ви асоцира на Борог и Рамиз од Косово - Боро и Рамиз заедно се бореле. А, Рацин и Мигени не се бореле. Ние си имаме наши великани и вие ќе давате име на наши великани. Ако не сакате да биде Братство - Единство, тогаш нека биде Рацин, а зашто и Мигени? Тоа ли е покажување рака.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Мислам интервенцијата повторно се прифаќа, кога има дополнително прашање, а да не се отвора дебата.

Има право министерот, но ако е дополнително прашање.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Имам право, се разбира, но дали се служиме со лаги или не, реков целата Информација не само на пратеникот Ковачевски, туку до сите пратеници ќе ја доставиме. Тоа е хронологија.

Меѓутоа, за верба на вистината добро е пратеникот да рече дека во тоа училиште со првичното име Братство Единство, учат во мнозинство, Албанчиња, во еден поголем број Македонци и Турци. Значи, едно од училиштата со мешан состав на децата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Повторно пратеникот Ковачевски.

**ЌИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Ако учат Албанчиња имаме свои имиња. Нека биде некое албанско од Македонија, име, ако имаат некој таков просветител, но немаат.

После, вие не кажавте од Стопанскиот суд, родителите и наставниците се жалеле, еве и документи. Се кажува дека Окружниот стопански суд во Скопје пишува дека "се одбива", а вие сакате да ги бркате наставниците и вршите притисок на тие наставници од училиштето, да биде по секоја цена Рацин – Мигени. Па, сега, албанците

учители се бунат, не сакаат, треба прво да биде Мигени, па после Рацин. А, оставате за Ромите и Турците како сакаат. Кој како сака. Сака Рацин прво, сака Мигени. Циркуси правиме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Да ја завршиме репликата.

Дали прифаќате да добиете писмен исцрпен одговор? (пратеникот прифаќа).

Пратеникот Насер Зибери бара процедурално, а јас не знам зошто процедурално на пратенички прашања.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Со ваквиот начин на отворање дебата или вербален дуел помеѓу министер и пратеник за пратенички прашања сметам дека нема основ во нашиот Деловник. Се знае, според деловничките одредби како се поставува прашање и како се добива одговорот. Тоа е по усмен и писмен пат. И за едното и за другото е регулирано со Деловник.

Но, за волја на вистината кога сум овде, за да не провее една невистина пред јавноста да кажам дека Мигени е роден во Мавровските села, завршил училиште во Битола, а студирал во Италија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Во самата реплика што се отвори укажав дека под пратенички прашања не може да се води реплика. Задоволен или не е задоволен со одговорот, па пратеникот има право да постави дополнително прашање. Ве молам, да се придржуваме, бидејќи во спротивно ќе отвориме расправа.

Има збор пратеникот Зафиров.

V/4

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Имајќи предвид дека во последно време се манипулира со податокот дека се увезени огромни количини ориз, барам одговор како за јавноста исто и за себе, колку количини ориз се увезени, кога, од која земја и кој е увозникот?

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали министерот Анчев ќе одговори.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

Прво, досега не е увезено по легален пат никаков ориз. Тоа е прв одговор.

Како е увезувано, ако е увезувано по илегален пат, не можам да дадам одговор.

Би сакал да ви кажам дека оваа година, за жал, жетвата на оризот поради недостиг на вода во ХМ Системот "Калиманци" катастрофално потфрли. Во таа смисла се цени дека има потреба за увоз на ориз. Од друга страна, сите сте сведоци какви проблеми имаме со пласманот на тутунот. Министерството за земјоделство во согласност со своите надлежности има дадено мислење за компензациона работа на извоз на тутун во Египет. Немајќи можност Египќани да го платат на друг начин освен со компензационо со ориз во интерес на тутунот, но тоа се уште не е остварено, до овој ден. Се уште не е, а се работи за компензациона зделка тутун - ориз. Апсолутна точна компензациона зделка до денар покриена во вредносна смисла, со јасна назнака дека тој ориз ќе оди во реекспорт, нема да остане во Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Нема дополнително прашање.

Има збор пратеникот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, сакам да поставам неколку прашања:

Мислам дека беше 25 или 26 август минатата година, во Скопје престојуваше делегација од Северна Рајна Вествалија, на чело со претседателот на Покраината и покрај разговорите што ги водеше на "нивоу", како би се рекло, тие околу два часа боравеа во Шуто Оризари. Јас ги примив таму со моите соработници. Ги прошетавме убаво низ населбата и при отчитувањето што се е сторено со средствата добиени од Северна Рајна Вествалија, претставниците на Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија кажаа, покрај другото, дека се изградени и едно осумгодишно училиште, една детска градинка, еден здравствен дом. Ова малку симптоматично бидејќи тие објекти постоеја и порано.

Би сакал писмена информација кога се изградени тие објекти за кои што се зборува, дека се изградени во времето на реинтеграцијата на Ромите од Германија во Скопје односно Македонија.. дали не е на повидок некоја афера, јас не знам како да ја наречам, дали "Ирангејт" или "Вотергејт" итн. јас не верувам дека има нешто такво, но во писмена форма сакам да бидам известен.

Второ прашање, некаде декември 1992 година сум поставил пратеничко прашање пред Владата колкав е бројот на граѓаните на РМ кои живеат во супстандардни живеалишта. Имам добиено одговор по писмен пат. Во одговорот се наведува дека Владата на РМ води грижа за постапно елиминирање на овие проблеми.

Прашувам, од тогаш наваму, дали има одредено елиминирање на овие супстандардни живеалишта, затоа што од кога е направен овој список овде без разлика на верска и национална припадност, живеат некаде околу 165.722 граѓани на РМ. Сигурно се повеќе.

Наредно прашање, по катастрофалниот земјотрес што го задеси Скопје 1963 година, скоро цел свет даде помош во изградбата на Градот, во Фондот за изградба и обнова на Градот Скопје. Тогаш моравме по пат на политика, на наредба одреден слој на граѓани да ги тргнеме од бившите населби Топаана, Баручи, Тенеќе-маало итн., да отстапиме место да се изгради градот. Тие Граѓани сега живеат во населбите Шуто Оризари, Синѓелиќ, во други градови и други населби и го отстапија, нормално, најубавото место во градот.

1964 односно 1965 година се изградија некои улички во населбата, недовршена канализација што секогаш се излева, на многу места нема вода и народот живее во една многу бедна состојба. Затоа прашувам дали во конечниот Закон што го донесовме за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја ова прашање ќе најде место во членот 2, последниот став, каде што се вели "и компактно заостанати подрачја" затоа што веќе не се трпи над 35 години само кал, само мизерија и беда.

И уште една работа, имав поставено пратеничко прашање по повод пожарот во градот Штип, каде изгореа доста куќи на граѓаните Во одговорот е набележано дека Владата односно Собранието на општина Штип ќе поведе сметка за одредена помош, нешто да се дотера, нешто да се направи итн. До денес ништо не е направено.

Барам писмен одговор за сите прашања.

V/7

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Обрнувам внимание дека сега е постапката на поставување нови прашања, а не дополнителни прашања на веќе дадени одговори. Ова го поставувате како нови прашања, но добива призвук како да е дополнително поставено на веќе добиен одговор.

Како нови прашања ги поставувате овие сега повторно.

Има збор пратеникот Ташко Киров.

**ТАШКО КИРОВ:**

Прашањето е за Владата, односно за сите мнистри во делот на нивната надлежност, освен министерот за култура.

Во градовите каде што има поголема концентрација на индустрија и сообраќај: Скопје, Велес, Битола итн., кои се показателите за состојбата на воздухот, водите, почвата, растителниот и животинскиот свет, кои показатели се мерат, на кои мерни места и во кој временски период?

Кои се показателите за здравствената состојба на луѓето и кои се показателите од масовните здравствени прегледи на новородени деца, деца на претшколска и школска возраст, младите луѓе на возраст за војска и вработените.

Дали има потреба и ако е потребно кон мерки ги презема и планира да ги преземе Владата?

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој од министрите ќе одговорни на прашањата?

Владата прифаќа писмено да одговори на прашањата.

Има збор пратеникот Никола Стојановски.

V/8

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Имам само две прашања, а првото прашање некако се поклопува со прашањето на претходниот пратеник, Ташко Киров.

Дали Министерството за урбанизам, градежништво и екологија има намера да испадне со информација за загаденоста на еко-системите: почвата, водата и воздухот во поголемите индустриски центри во Македонија, па и во цела Македонија. Тоа да биде една глобална информација.

Второто прашање е до Владата, дали има задолжена институција во Републикава за испитување на контаминираните земјоделски продукти со пестициди, тие што се произведуваат и тие што се увезуваат во земјата, од една страна. Од друга страна, за прехранбените артикли што се произведуваат во земјата и што се увезуваат во земјата.

Дали таа институција е адекватно опремена да може тие работи да ги врши.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали Владата ќе одговори сега или писмено?(писмено)

VI/1 ПН/ЛБ

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе , почитувани пратеници, најпрво сакам да дадам една принципиелна забелешка во делот на односот на Владата према поставените пратенички прашања. Владата не се придржува на дечпвмолпт вп дечпт ма итврдемптп време за давањето на одговорите.

Исто така, доставувањето на одговорите на пратеничките прашања не иде директно до пратеникот кој го поставил прашањето туку се дели со останатите материјали, со што на некој начин се минимизира значењето на пратеничките прашања, а често пати одговорите на пратеничките прашања и не стигнуваат до пратениците. Во тој контекст сакам да забележам на повеќе прашања односно поконкретно на три прашања кои што ги постави во еден подолг временски период, пред неколку месеци, во минатата година, а до денеска на тие прашања немам добиено одговор , па поради тоа сакам и денеска да ги поставам во усмена форм  Да укажам на тоа дека тие прашања беа поставени во писмена форма и затоа денес сакам да го искористам правото и да ги поставам на денешната седница.

Првото прашање е во делот на активностите на Владата околу изградбата на железничка пруга со која треба да се поврзе РМ со Република Бугарија.

На прашањето дадов едно пошироко елаборирање за значењето. на ова прашање. Посебно укажав на предностите кои што ги има делницата која што на некој начин претставува и најоптимално решение према сознанијата со кои располагам јас, а тоа е делницата Кочани - Благоев град. Меѓутоа како што реков на ова прашање до денес не добив одговор. Од тие причини колам уште еднаш Владата да даде еден исцрпен одговор на сите релевантни елементи што се содржани во прашањето и тоа во писмена форма.

Второто прашање се однесуваше на потребата од оснивање на царинска единица на подрачјето на Кочани. И ова прашање писмено е елаборирано со сите предности од кои што произлегува овој предлог и во кој посебно е укажано на дополнителните трошоци и изгубеното време на стопанството од Кочани во правењето на празни ходови Кочани - Штип каде што целокупните активности се вршат во делот на царинењето на стоките во двата правца, од причина што ваква најблиска царинска единица постои во Штип.

И на ова прашање замолувам Владата во најскоро време да даде еден исцрпен одговор респектирајќи ги сите елементи содржани во даденото образложение.

Третото прашање е дополнувањето Правилникот околу регистарски таблички за моторните возила. И за ова прашање исто така е дадено пошироко елаборирање, околу предностите што се наметнуваат од аспект Кочани да добие посебна ознака на регистарските моторни возила.

И на ова прашање бидејќи до денес немам добиено одговор молам Владата во најскоро време во писмена форма да ми даде соодветен одговор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници дами и господо, на почетокот пред да поставам пратеничко прашање сакам да изразам еден протест према односот кон институцијата пратеничко прашања и кон девалвацијата на Институтот пратеничко прашање.

Сметам дека во цел свет, во сите нормални демократски држави пратенички прашања поставуваат пратеници кои што се од опозиција. Пратеници од власта ако сакаат да постават пратеничко прашање ќе си одат кај својот министер, на неговата партија и ќе си се договорат.

VI/3

Исто така изразувам почит кон оние министри што се тука, што дошле усмено да одговараат. На пратеничко прашање се одговара усмено. Кој сака писмено нека си напише писмено и нека си го пушти кога сака. Деловнички може секој ден да се поставуваат писмени прашања.

Јас ќе поставам пратенички прашања до министрите што се тука иако имам и други пратенички прашања, но бидејќи министрите не се присутни, до колку дојдат повторно си земам слобода и да поставам прашање. Значи, барам исклучиво усмени одговори.

Министерот за култура, господинот Гунер Исмаил е тука па сакам да го прашам од неговиот домен.

Пред да го поставам пратеничкото прашање ќе дадам еден мал увод.

Еден хор од Македонија требаше да настапи на одредени свечености со соседно СР Југославија. На хорот не му беше дозволено да настапи од причина што требало да обезбеди за домаќинот соодветен настап во Македонија. Значи, соседната СР Југославија бараше реципроцитет за нивниот хор , поради што нашиот хор требаше да настапи кај нив. Со оглед на тоа што министерот е задолжен за зачувување на македонскиот културен простор го молам да ми одговори дали воопшто има согледување за агресијата што се врши на македонскиот културен простор. Сите сме свесни дека врз македонскиот културен простор се врши невидена агресија. Таа агресија не беше дури ни во рамките на бившата СФРЈ. Секојдневно се организираат разни концерти од пеачи естрадни уметници од бившите Југословенски простори (Хрватска, Словенија, Босна, Црна Гора, ) јас прашувам дали е обезбедено и за нашите естрадни уметници во тие држави да им е отстапено ист таков простор за настап и за презентирање на македонската култура, како и што презема министерството тоа да се спречи.

Од друга страна да ми одговорат само не е тука министерот за финансии, дали тие естрадни уметници плаќаат било каков данок.

Го министерот Гунер да ми одговори на ова прашање.

**ЃУНЕР ИСМАИЛ:**

Јас му благодарам на господинот Пановски за искажаната почит и , се разбира, ние можеме да поведеме академска расправа околу институцијата пратеничко прашање итн. Се разбира за себе имам достојно академско мислење и прашањето беше така поставено и јас ќе се трудам со полно уважување да одговорам на ова прашање, иако не се согласувам длабоко со него дека пратеник од позицијата може да дојде кај министер , а пратеник од опозицијата не може. Вратите на министрите се отворени за сите пратеници.

На вториот дел од прашањето можам да одговорам не до крај затоа што ќе треба да оперирам со прецизни податоци кои што сум спремен дополнително да ги приложам.

Секој културен простор во принцип е изложен на агресија, па дури и културните простори на поголемите, по габаритски културу, а на по квалитет култури. Тоа е проблем со кој што се соочува секој културен простор и јас ве молам ...

(упаѓање на некои пратеници)

Јас ве молам да ме заштитите од упадници.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам да не се уфрлувате на говорникот

**ЃУНЕР ИСМАИЛ:**

Според тоа македонскиот културен простор е отворен простор бидејќи се прогласивме и сме држава со отворени граници Прашањето на реципроцитет, кое што било поставено, или условување о на тој хор ќе го одговорам прецизно и писмено, а додека околу воспоставувањето

на надзорот врз оваа културна агресија, како што вие ја нарековте се разбира ние ја оствaруваме на два начина, онака како што законот тоа го овозможува.

Ние во принцип немаме ништо против, и така се изјаснуваме, ниедна културна приредба меѓутоа ги бираме соодветните услови на настап на одреден пеач, културно уметничко друштво, група итн.

Подоцна околу тоа продолжува да се бави министерството за финансии или соодветен надлежен државен орган.

Заштитата на културниот простор не можеме да ја остварување по пат на забрани, туку само можеме да ја оствaруваме по пат на она што ќе го стимулираме нашето, сопствено културно творештво. Според тоа прашањето е упатено на место, но е крталање во кое што, се разбира и предолга елаборација да изнесува тука на говорница нема да вроди со плод доколку ние сопствената култура не ја стимулираме и не ја негуваме.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас излегов да кажам дека сум делумно задоволен од одговорот. Мене ми е целта да иницирам едно размислување кај Владата за оваа проблематика . Јас барам ние да се однесуваме како држава, бидејќи сме држава и 181 членка на ООН. И секоја држава си го брани достоинството на своите граѓани , а посебно за тие што ја презентираат надвор од границите. Со оглед на тоа што за нашите уметници за нашите дејци од областа на културата се бараат одредени реципроцитети зошто ние тоа да не го поставиме и за тие што доаѓаат кај нас Второ, бидејќи сега гледам дека дојде министерот за финансии, го молам министерот за финансии да го чуе прашањето и да одговор како и министерот за наука Селмани беше тука, сега влезе, но не знам каде отиде.

(меѓувреме влегоа министерот Џевдет Хајредини и министерот Аслан Селмани, но министерот Аслан Селмани излезе).

Јас мислам дека треба да бидеме малце посериозни, министерот влезе, седна и го снема наеднаш.

Министерот за финансии да ми одговори па во меѓувреме молам службите да го викнат министерот за наука. Сега пред една секунда седеше тука.

Министерот за финансии барам да ми одговори дали сите учесници на културни средби, на концерти сведоци сме дека секојдневно се одржуваат, на естрадни уметници што не се од Македонија. Дали го плаќаат данокот од остварениот приход од тие концерти. Барам министерот за финансии да ми одговори.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали усмено ќе одговори министерот, или да собере податоци.

(Одговорот ќе го дадеме по писмен пат.)

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас би сакал господине претседавач да обезбедите присуство на министерот за наука бидејќи беше тука па сакам прашањето да го чуе. Имам и за него прашање. Тој беше тука и го снема наеднаш ...

**КИРО ЛОПОВСЛИ:**

Молам службата, до колку министрите за наука, и култура се тука да влезат. Министерот односно заменикот на министерот за наука е тука.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Добро, кога заменикот е тука. Ова прашање се однесува за тоа што Филозофскиот факултет на катедрата по италијански дали е вистина дека се повикани да предаваат четворица професори од Белград на оваа катедра, до колку се тие за кои се пишуваше јасно се декларирани по

своето националистичко, шовинистичко истапување од македонскиот народ. Декларирани националисти, великосрпски националисти. Затоа барам да ми се одговори дали е вистина дека тие четворица професори ќе едуцираат кадри овде во Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Тоа прашање е за министерот за образование, а нема претставник од министерството за образование.

Предлагам писмено да се одговори на ова прашање.

(Меѓувреме министерот Димитар Бајалџиев влезе во салата)

Молам пратеникот Михаил Пановски да го повтори прашањето "бидејќи министерот сега дојде.

(Министерот Селмани излегува од сала)

Молам министерот за наука да остане во салата.

Има збор пратеникот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, очигледно дека постои голем расчекор меѓу пратениците и Владата, барем во овој момент така можам да констатирам бидејќи кога беше сабајле Владата тука не беа пратениците. Сега кога се поставуваат прашања да одговараат усмено, а за мене навистина претставува посебен почит ако министерот ако одговори усмено од оваа говорница, тогаш ги нема министрите. Токму тие министри на кои требаше да биде упатени моето прашање, односно овие три мои прашања пред малку беа тука, и министерот за култура, и министерот за земјоделие, сега за жал ги нема и двајцата. Не знам дали воопшто да ги поставувам зошто јас искрено се залагам за усмен одговор. Меѓутоа, ако не може веќе така нека ми се даде писмен одговор.

Првото прашање се однесува дали ресорното министерство, мислам дека се однесува за Министерството за култура ќе презема активности за донесување на нов закон за заштита на националните паркови.

Тоа од проста причина што сметам дека таков закон е потребен прво од

се надоврзува на прашањето што го постави колегата Бранко Арсовски а кој не го доутврди, а јас сака да го доутврдам. ,

Имено, кога ќе се донесат нови законски проекти кои што ќе ги утврдат правата и обврските на договорните страни. Нелогично е за мене еден кој што не вади, моментално овошна градина да плаќа, а друг кој што вади исто плаќа и не се утврдени ниту квантификациите колку во една општина плаќаат одредени претплатници воден надоместок, колку во друга. Мислам на она што го зборуваше г-дин Арсовски. Затоа мислам дека потребно е до април уставните определби и новите општествено економски активности во овие ново настанати услови. Тоа е едно.

Во контекст на тоа какви мерки и активности ќе преземе соодветното министерство и Владата за заштита на автечниста на овие навистина големи природни ресурси кои што со својот богат растителен и животински свет претставуваат не само туристичка атрактивност туку претставуваат и здравствена и рекреативна активност. Сведоци сме дека во последно време немилосрдно, без контрола се уништува најголем дел од шумата на двата национални паркови што моментално се прогласени во катастарскиот реон на општина Ресен а тоа е Галичица и Пелистер. За жал не само што не постои заштита на овие национални паркови туку таква експлоатација што можеби уште утре ќе се постави прашањето на репродукцијата на автечниста на еден ваков природен ресурс. Затоа би сакал навистина министерот да ми одговори овде усмено, меѓутоа ако го нема нека ми одговори писмено, но за жал јас писмените одговори ги добивам многу покасно.

Второто прашање месец и би се залагал оваа Влада да донесе таков законски проект кој точно ќе го дефинира односот, правата и обврските на двете странки поставени на економска логика.

VII/1.-ЛП/МЛ

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа е второто прашање.

Третото прашање се однесува исто така на Министерството за култура. Ние веќе донесовме овде заклучок, со кој што рековме дека на Томорос ќе биде изграден радио-телевизиски приемник со кој на некој начин неправдата кон оној дел на население од Преспа на источниот брег на Преспанското Езеро кои се ревносни и редовни претплатници на телевизиската претплата ќе ги уживаат истите права како што ги уживаат сите други граѓани на Република Македонија кои имаат можност да ја гледаат Македонската радио-телевизија. Мислам дека тие активности почнале, наводно почнале меѓутоа, ако веќе почнале би го замолил министерот да ми одговори кога ќе завршат, затоа што јас мислам дека не се ни почнати, а тешко и дека ќе завршат.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Владата изјави дека писмено ќе одговори на поставените прашања.

Има збор пратеникот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Во последно време јавноста е преплавена од информациите дека во пограничните реони на македонско - албанската граница, во континуитет, до душе сега и нешто помалку отколку пред неколку години, има илегални преминувања на границата, посебно во Струшко и Охридско, а во неблебиите Радожда и Елен Камен се повторуваат тешки провалнички кражби по куќите, извршени од страна на албански државјани кои некогаш се и наоружани, при што се загрозуваат и животите на поединци.

И покрај тоа што Министерството за внатрешни работи ангажира и резервен состав на полицијата, мерките се неефикасни. Граѓаните се

незадоволни, огорчени, се чувствуваат несигурни, по некогаш и незаштитени.

Прашањето е: Дали се преземаат мерки за поефикасна заштита на пограничниот реон од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за народна одбрана, за да се застане на пат на честите илегални преминувања на границата и провалничките кражби.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали претставник на Владата ќе одговори на поставените прашања.

Дали Владата прифаќа писмено да одговори. Има збор пратеникот Ристо Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Имам само едно прашање до Владата на Република Македонија: Зошто е ставено во бункерот на Македонската телевизија неодамна снимената ТВ емисија на тема: "Македонизмот и антимакедонизмот во минатото и денес" од уредничката Снежана Клинчарова, во траење од три часа со гости - д-р Александар Апостолов, д-р Блаже Ристевски, д-р Стојан Ристевски, д-р Танас Враниновски, д-р Симон Младеновски и м-р Јованче Донев.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Владата прифаќа писмено да одговори.

Има збор пратеникот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Ја потсетувам Владата дека досега немам одговор на едно пратеничко прашање што го поставив поодамна. Прашањето овој пат го

VII/3.-

Дали има примери односно случаи, по воведувањето на ембаргото - трговско, културно, спортско итн., против СР Југославија, некои претпријатија, културни или спортски институции во Република Македонија да го прекршиле ембаргото и доколку има такви случаи, за кои претпријатија и институции станува збор и што Владата ќе преземе за да се спречат таквите прекршоци.

Посебно со ова прашање сакам да го потсетам и министерот за култура дека тој во својот одговор на претходното прашање, поставено од пратеникот Михаил Пановски, го заборави тој аспект и не одговори целосно во однос на ембаргото. Од тие причини, во одговорот на ова мое прашање барам и одговор од Министерството за култура.

Второто прашање, на кое барам одговор од Владата во врска со известувањето што го даде премиерот, господинот Бранко Црвенковски до Собранието на РМ дека по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, со која се укинува членот 4 од Законот за Владата на СРМ, тоа е стариот закон за Владата, во делот кој се однесува на потпретседателите на Владата, членовите на Владата кои досега ја вршеа оваа функција ќе продолжат да учествуваат во работата на Владата како членови на Владата - министри.

Имено, како што е познато, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 2,3 и 4 септември 1992 година, донесе Одлука за избор на Владата на Република Македонија. Во Одлуката поименично е утврден изборот на претседателот на Владата, потпретседателите на Владата, министрите кои ќе раководат со одделни министерства и другите членови на Владата, односно министри.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на јули 1993 година, донесе Одлука за разрешување на потпретседател на Владата а истовремено донесе Одлука за негов избор за член на

Владата и министер кој ќе раководи со Министерството за односи со странство. На истата седница Собранието донесе Одлука за избор на нов потпретседател на Владата на Република Македонија.

Од ова произлегува дека и во Одлуката со која е избран целиот состав на новата Влада на Република Македонија и по изборот на нов претседател на Владата на Република Македонија не е нагласено дека потпретседателите се избрани и за членови на Владата, односно министри како што тоа е направено со оние министри кои не раководат со министерството.

Оттука, по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, со која се укинува функцијата потпретседатели на Владата на Република Македонија, досегашните потпретседатели на Владата за да продолжат да учествуваат во работата на Владата, како и нејзини членови - министри, потребно е нив да ги избере Собранието на Република Македонија.

Врз основа на сето ова до претседателот на Владата на Република Македонија упатувам пратеничко прашање: Дали претседателот на Владата на Република Македонија има намера да предложи на Собранието на Република Македонија досегашните потпретседатели на Владата на Република Македонија да ги избере за членови на Владата, односно за министри.

Барам писмен одговор.

И трето прашање: Зошто досега Владата не се огради од пишувањето на печатот за аферата што се случи за време на меѓународните саеми за туризам во Утрехт - Холандија и Берлин - Германија, со презентирањето на македонската туристичка понуда во овие земји.

Во оваа афера како личности се јавуваат и двајца актуелни министри, господинот Петруш Стефанов и господинот Љубе Трпевски и поранешниот министер Антонио Пешев, вклучувајќи го и домаќинот на

VII/5.-

целиот овој настан, господинот Гроздан Попов, поранешен претставник на Југословенскиот туристички сојуз во Холандија, кој и сега таму живее. Според пишувањето на Печатот, од Фондацијата на Сорос за оваа гала претстава биле потрошени 100 иљади долари и шест милиони денари од државниот буџет на Македонија, наместо се разбира за туристичка пропаганда овие средства се потрошени за некој гала прием. Наместо пропаганден материјал, на штандот имало само десетици примероци од бившиот југословенски плакат за туризмот во Македонија со мала корекција, избришано е само името Југославија и сега под името на Македонија истиот тој поранешен пропаганден материјал од бивша Југославија се нуди сега на странскиот туристички пазар. Другите примероци од пропагандниот материјал наводно се изгубиле некаде по пат меѓу Холандија и Македонија.

Висината за бескаматниот заем од 100 иљади долари од Сорос за презентација на македонската туристичка пропаганда ја потврди и извршниот директор Владимир Милчин дека тие пари од Сити банката во Њујорк се исплатени директно на сметка на фирмата "Балкан Вавилон Бус" во Холандија, која фирма е во сопственост на споменатиот Гроздан Попов, за кој исто така печатот тврди дека се и во роднински врски со министерот господинот Петруш Стефанов. За тоа како се потрошени речиси 200 иљади германски марки за туристичката пропаганда целосен одговор не е добиен од господинот Петруш Стефанов, министер за стопанство.

Дали Владата и натаму ќе ги заташкува ваквите работи, односно доколку се веродостојни фактите за кои пишува печатот, дали некој од Владата ќе сноси одговорност за нерационално потрошените поголеми износи на средства, со кои е направена штета наместо корисна туристичка пропаганда на Република Македонија.

VII/6.-

Барам ако е во состојба усно да ми одговори господинот Петруш Стефанов.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Првото прашање е, колку што разбрав, упатено до претседателот на Владата.

Има збор министерот за култура Гунер Исмаил.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Почитувани пратеници, во врска со прашањата на господин Арсов, првото прашање се однесуваше за ембаргото согласно резолуциите 757 и 820 и толкувањето на тие резолуции во сферата на културните комуникации, таканаречени лични контакти и циркулација на луѓе. Во таа смисла, можам да го упатам на прецизно читање на тие резолуции на Обединетите Нации, кои се такви какви што се, а за дополнување бидејќи тука не е претставникот на Министерството за односи со странство, во име на Владата, се обврзувам на дополнително писмено појаснување.

Во врска со второто прашање, по повод Одлуката на Уставниот суд на работните маси ви е поделено писмото на Владата со мислење во врска со Информацијата подготвена од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и тоа е една од точките на дневниот ред токму на оваа седница, така што го имате мислењето тука и ако сакате можам да го прочитам во име на Владата, односно во име на претседателот, бидејќи тоа е од него лично прочитано и вам ви е поделено.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Таа точка не е влезена во дневниот ред.

VII/7.-

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Добро, како одговор на прашањето да го прочитам:

Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17 јануари 1994 година, ја разгледа Информацијата подготвена од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ - се разбира, прашањето е коинциденција - по повод донесувањето на Одлуката на Уставниот суд и притоа го утврди следното мислење. Јас тука го кажувам тоа во вид на одговор на прашањето на господинот Драги Арсов.

"Владата како носител на извршната власт, согласно Уставот, се избира во целина со мнозинство гласови на пратениците. Од уставните одредби произлегува дека со Уставот се одредува положбата, надлежноста и одговорноста на Владата, додека прашањето на правата и одговорноста на министрите е предмет на законот за Владата.

Од тие причини, ценејќи ја уставноста на законот за Владата, Уставниот суд само констатира дека престанала функцијата на потпретседателите на Владата како различна функција од функцијата министер, но истите и натаму имаат права и должности на министри како членови на Владата, кои согласно овластувањата на Владата, вршат права и должности што таа ќе им ги довери.

Оттука нема уставна и законска пречка тие како министри да можат да остваруваат координација во одделни области на стопанскиот и политичкиот систем, општествените дејности и тековната политика на Владата, да го заменуваат претседателот кога тој е отсутен, како и да вршат други доверени задачи.

Имајќи го предвид ова, Владата спроведувајќи ја Одлуката на Уставниот суд, го извести Собранието со допис број 19-34661 за фактичката состојба. Тргнувајќи од фактот дека Владата согласно ставот се избира во целина конкретната распределба на надлежностите на

членовите министри без ресор претставува организационо прашање, за што согласно Уставот, член 89, став 6 се уредува со закон, што е направено во спроведувањето на одредбите од Законот за Влада и во спроведувањето на Одлуката на Уставниот суд".

Јас ова ќе го приложам во стенограмот на седницата. Што се однесува до третото прашање по прибавување на информации во кои печати и како се пишувало во врска со таканаречената презентација или во таканаречената афера околу презентацијата, Владата ќе изготви информација.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали на другите прашања ќе одговорите?

ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:

Господинот Драги Арсов постави едно прашање односно дискусија која не е доволно јасна, бидејќи го спомна моето име, молам да се постави конкретно прашање, како би можел евентуално да дадам одговор.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали пратеникот Арсов чувствува потреба да го допрецизира прашањето.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Се извинувам што повторно се јавив, меѓутоа, на господинот министер за култура морам да му одговорам и да му ја посочам Одлуката за избор на Владата на Република Македонија. Таа Одлука овде ја имаме, објавена е во "Службениот весник на Република Македонија.

**ДРАГИ АРСОВ**: (Продолжение)

Според таа одлука на Собранието на седницата одржана на 2, 3 и 4 септември 1992 година избрани се посебно за претседател на РМ г-динот Бранко Црвенковски, посебно се избрани за потпретседатели на Владата на РМ Стево Црвенковски, Беќир Жута и Јован Андонов. Посебно се бирани и министри кои ќе раководат со одделни министерства. Според оваа одлука потпретседателите на се бирани и за министри и од тие причини Уставниот суд ја донесе таа одлука затоа што е ова уставна материја, структурата на Владата се определува со Уставот на РМ и врз основа на тоа што со Уставот не се предвидува функцијата потпретседатели и врз основа на тој член Уставниот суд јас укина Одлуката на Владата, според која тие се именувани за вршење на функцијата потпретседатели. Со тоа таа нивна функција престанува. Владата не може нив да ги назначува за министри, бидејќи тоа е во надлежност на Собранието и од тие причини јас го поставив прашањето до Владата и барам одговор кога Владата на РМ има намера на Собранието да му предложи досегашните потпретседатели чија функција престанува, да ги избере за членови на Владата односно за министри. Таа надлежност е во Собранието. Мислам дека ова прашаше е сосема јасно и на наредната седница барам одговор.

Не би сакал да го потсетувам г-динот Петруш Стефанов и г-динот Љубе Трпески, кои моментално не е овде, меѓутоа, на целата македонска јавност им е познато нивното патување во Холандија дека тие присуствувале на манифестацијата - презентирање на македонската туристичка понуда во Холандија и дека таа Делегација била предводена од министрите Пешев, Трпески и спомнатиот министер. Меѓутоа, само ќе го упатам г-динот Петруш Стефанов на пишувањето статијата што ја објавил "Дело" на 14 јануари,1994 година, односно бројот од ова

списание 33 каде детално и доста аргументирано се говори за таа негова посета и за злоупотребата на средствата, за висината на средствата и за целокупниот настан во врска со ваквата наводно туристичка пропаганда на Македонија за која реков дека таа не е во функција на пропагираше на нашиот туризам, туку на штета на нашиот туризам. За тоа барав одговор од г-динот Петруш Стефанов.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Во врска со првото прашање на г-динот Арсов уште еднаш повторувам дека во тој Сл. весник стои дека именуваните се избрани за членови на Владата. (Негодување во салата) Се подразбира дека се членови на Владата што значи тој не може да биде потпретседател. Дополнителните финеси, се разбира, јас ве молам

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Оставете го говорникот да се доискаже.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Јас ве молам, тука одговарам на пратеничко прашање, а не одговарам на прашање на аудиториум. Според тоа, во дополнителните правни финеси на ова прашање во овој момент не можам да навлезам ннту сме можеле да навлегуваме по прочитаното мислење, веројатно одлуката на Уставниот суд каква што е, мислењето и одговорот на Владата 6 таков каков што е.

Повеќе од она што го реков пред малку и прочитав не би можел на г-динот Арсов да му приложам на оваа седница, па доколку не е задоволен, јас го молам да упати дополнително прашање на кое Владата

VIII/3

Што се однесува до пишувањето на списанието "Дело" од 14 јануари 1994 година, Министерството за информации во својата нормална процедура ќе го проучи прашањето и ќе изготви писмен одговор во врска со пишувањето на списанието "Дело".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за правосудство Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, по поднесената претставка на членот 4 од Законот за Владата, Уставниот суд се произнесе и донесе одлука да го укине членот 4 затоа што нема уставна подлога во Уставот каде не предвидува да постои тоа место.

Ако појдеме ое уставните одредби дека одлуките на Уставниот суд можат да бидат укинување и поништување, одлуката не била предмет на расправа за избор на Влада на РМ на оценка на Уставниот суд ниту пак одлуката на Уставниот суд како укинување нема за правна последица да ги поништи сите други акти кои се донесени врз основа на членот 4 од Законот за Владата. Од тука само можеме да оптираме и да даваме различни мислења во врска со видувањето за спроведувањето на одлуката на Уставниот суд и сметам дека беспредметна ќе биде расправата да ја водиме за одлуката за избор на Владата, туку станува збор за членот 4 од Законот за Владата каде Уставниот суд со одлука го укина тој член 4. Од тука мериторно ќе ја промашиме расправата ако дискутираме за самиот избор за одлуката на Владата затоа што таа не беше предмет на расправа ниту на Уставниот суд, туку само членот 4 од Законот за Владата на РМ.

VIII/4

**ДРАГИ АРСОВ:**

Навистина и ова второ излагаше на министерот за култура покажа дека Владата и натаму не е подготвена да ги почитува уставните одлуки односно и натаму таа продолжува со кршењето на Уставот без да

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние не расправаме, не сме отвориле расправа, вие можете да бидете задоволен или незадоволен од одговорот и - да имате дополнително прашаше.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Не сум задоволен од г-динот Гунер Исмаил од следните причини што и натаму ја искривува вистината што стои во одлуката за избор на Владата на РМ. Во оваа одлука, еве ја имам пред себе никаде не стои дека потпретседателите се избрани и за министри. Ако тој некаде ја најде и ако се избрани за министри можат да ја вршат и понатаму функцијата, не може да се подразбере, оваа одлука е доста прецизна и тоа по точки, прва, втора и трета точка. Под втората точка за потпретседатели се избрани спомнатите потпретседатели Стево Црвенковски, Беќир Жута и Јован Андонов, а во третата точка стои кои се избрани за министри. Ние не можеме сега овде и понатаму да ги искривуваме фактите и некој да не убедува во она што не стои дека во оваа одлука токму така стои, нешто што не стои.

По однос на одговорот што го даде г-динот Туше Гошев министер за правосудство и управа повторно ќе го потсетам на одлуката на Уставниот суд и ќе го оспорам тоа што тој го тврдеше во членот 1 од

Одлуката на Уставниот суд стои дека се укинува членот 4 од Законот за Владата на СРМ Сл. весник на СРМ број 38/90 во делот кој се однесува на потпретседателите на Владата. Значи, се укинува членот 4 врз кои член овде е донесена и оваа одлука со која се избрани потпретседателите на Владата. По точката 6 од оваа Одлука на Уставниот суд не упатува на точката 1 од оваа Одлука и во точката 6 јасно стои врз основа на изнесеното судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука. Значи, судот одлучил дека се укинува функцијата потпретседател на Владата и тие сигурно дека не можат понатаму да бидат потпретседатели и да јас вршат функцијата министри во оваа Влада. Јас пак ќе ве потсетам дека Владата треба пред Собранието да излезе со предлог до колку поранешните потпретседатели сака да ги назначи за министри, да ги предложи овде и Собранието да ги избере. Затоа што изборот на министрите го врши Собранието на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само еден момент. Ние имаме одлука на Уставниот суд. Имаме предлог како точка на дневен ред Информација што ја даде пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Имаме мислење од Владата. Собранието се произнесе по тоа прашање кога не прифати таа точка да биде на дневен ред. Собранието со тоа заземе став дека работа е на Владата да каже какво мислење има по одлуката. Ве молам, ако и понатаму има било што спорно, тоа е пред Уставниот суд, г-динот Арсов може да си направи поднесок и може да каже и да побара Уставниот суд да си појасни каков е неговиот став понатаму. Собранието не може на Владата да и налага како ќе го чита текстот на одлуката на Уставниот суд, како што ни Владата не може да го натера г-динто Арсов да мисли како што мисли Владата. Тој спор си останува. .

VIII/6

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, самиот факт што пратеничкото прашање на г-динот Арсов учествуваат два министри, јасно говори дека вчера со една деловничка недоследност не се овозможи Информацијата која ја поднесе пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ токму по прашањето по кое овде се расправа, не беше ставена на дневен ред. Значи, деловнички

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не знам зошто дојде г-динот Стефковски на говорница.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Ќе ви објаснам сега зошто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вчера тоа беше овде, вие немавте никаква замерка.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Ние реагираме кога не се стави на дневен ред од проста причина што не беше доставена пред свикувањето на 70-та седница. Тука ќе бевме слаби деловнички и јасно дека немаше да успееме. Ние ќе јас обновиме нашата информација за наредната седница. Меѓутоа, интересот јасно покажува дека во случајот имаме однесување и прифаќање на незаконито однесување од страна на ова Собрание по однос на мислењето што го даде Владата. Ако може еден потпретседател од Либералната партија .....

VIII/7

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Стефковски ве молам да се држите за тоа, овде е прашање да се упати до Владата или до раководителите на органите на управата, а вие говорите за незаконито однесување на Собранието. Тоа нема никаква врска со пратенички прашања.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Владата бира министри, а функцијата на Собранието е да бира министри. Сега потпретседателите ги претвораме во министри тоа го нема никаде. Еден од потпретседателите Ристо Јованов си отиде токму поради барањето Владата да работи законито и во духот на Уставот. Тоа е суштината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Никој не ви забранува да мислите како сакате.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Ако може еден потпретседател да си оди затоа што смета .....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие влегувате во расправа, ви го одземам зборот.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Зошто не сакавте вчера да расправаме. Ние ќе ја обновиме информацијата.

VIII/8

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш кога ќе ја обновите, кога ќе дојде на расправа како ќе се произнесе Собранието, така ќе биде. Немојте сега да ја извитоперувате оваа точка која е сега пратенички прашања.

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Трпчевски.

Ве молам, г-дине Трпчевски по истото прашање г-динот Арсов сака да каже уште нешто. Тој постави прашање.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, јас, поставувањето на пратеничките прашања и нивниот одговор го сфаќам како дијалог со ресорните министри. Јас поставив директно прашање на еден ресорен министер, а ми одговара друг ресорен министер. Затоа инсистирам да добијам одговор од г-динот Петруш Стефанов кој е ресорен министер за стопанство. Барам усно да ми одговори, бидејќи за целиот случај прашањето се однесува за него. Барам одговор. Јас одговорот не го добив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динто Стефанов, министер за стопанство.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Бидејќи денеска на дневен ред се пратенички прашања, јас по втор пат го молам г-динот Арсов доколку сака нека ми постави пратеничко прашање.

IX/1 /ДВ/Л ј

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако не е задоволен пратеникот од одговорот може да побара расправа, Собранието одлучува дали ќе поведе расправа итн. Тоа што тој го добил може би не го смета за одговор, тоа е негова работа.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници. Навистина навредлив е ваквиот однос на ресорниот министер во однос на поставеното прашање. Јас уште еднаш сакам да го потсетам за случајот во кој случај и тој учествувал, во туристичката манифестација за презентирањето на манифестираниот туризам односно македонската туристичка понуда во Холандија.

Уште еднаш ќе потсетам дека при презентирањето на Македонската туристичка понуда во Холандија потрошени се средства од Фондацијата Сорос и тоа 100 иљади американски долари и дека тие наводно биле наменети за учеството на нашата делегација за пренетирањето на нашиот туризам и за печатењето на туристички проспект односно на пропаганден туристички материјал.

Го потсетувам господинот Петруш Стефанов дека средствата наменети за таа цел, според пишувањето на печатот биле потрошени за други намени односно бил приведен некој гала прием и дека средствата наменети за туристичкиот пропаганден материјал не се потрошени и наводно дека тој, туристичкиот проект кој требало да биде презентиран во Холандија наместо да се најде таму на штандот, некаде, како што кажува и печатот, залутал меѓу Македонија и Холандија.

Ваквите средства за туристичката пропаганда на Македонија од Фондот Сорос дека биле доделени потврдува и извршниот директор, господинот Владимир Милчин. Од тие причини го замолив господинот Петруш Стефанов, бидејќи досега Владата ниту тој лично не се огради од пишувањето на печатот за ваквата афера. Тој непосредно и лично овде да ми одговори за трошењето на ваквите средства, за кои што реков не се во функција на нашата туристичка пропаганда туку на штета на нашиот туризам. Мислам дека овде станува збор за големи средства односно за злоупотреба на тие средства. Во името на вистината го барам неговиот одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам, ако не можете сега да одговорите, одговорете писмено. Овде очигледно е прочитан текст од печатот, па видете дали е точно.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Од место Биљана Лазаревска дофрла министерот да одговори со да или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме прашање. Се кажува што пишува печатот.

(Дофрлување од место)

Па дајте ние да отвориме и да видиме што пишува печатот и да кажуваме да или не. Па на што ќе личи тоа. Ако има прашање нека каже. Инаку луѓето ги доведуваме, ги држиме министрите тука. Прашањата треба да бидат јасно поставени за да може да се одговори, на нив. Не вака како што пишува печатот.

Има збор господинот Гунер Исмаил.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Господине претседателе, бидејќи станува збор за пишување на печатот како потписник овластен од страна на Владата, како потписник на Министерството за информации јас го давам одговорот односно по проучувањето на пишувањето на списанието "Дело" од 14 јануари, денес е 21, Владата ќе ми даде писмен одговор на господинот Арсов и тоа е се. Друго прашање јас тука не гледам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, еве ќе ви одговорат.

(Дофрлање од место од страна на пратеникот Биљана Лазаревска).

Вие не поставивте прашање госпоѓа Лазаревска. Јас ве молам држете се до Деловникот, седете си на место и немојте да правите неред во салата.

Има збор господинот Душан Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе Дами и господо.

Моите две прашања се однесуваат на министерот за образование и физичка култура, господинот Димитар Бајалџиев. Имено, првото прашање е следното.

Група на граѓани од мојата изборна единица ме замолија да го поставам ова прашање, а се однесува на плаќањето или партиципацијата на студентите кои се запишале на универзитетите во Скопје односно во Битола и тоа за оние кои се над квотата од уписот.

Имено, за овие родители кои, како што ја знаеме материја: ната состојба на еден голем број на семејства во нашата Република каква е, уште и да плаќаат да развиеме и при уписот а и во текот на студирањето. Имено, дали оваа одлука на универзитетите има законска основа или пак нема за партиципација при уписот над квотата. Тоа е едно прашање.

Да го поставам второто прашање деновиве синоќешниот разговор што беше воден на ТВ, а се однесува на солидарното плаќање на штетите кои настанале во текот на учебната година кај основното образование, кај средното па и на факултетите.

Дали е потребно сите под еднакво или солидарно да учествуваат во плаќањето на настанатите штети, кога знаеме и пак ќе речам овој пат дека еден добар дел од семејствата се испод границата на толерантноста на егзистенцијата односно дали штетите треба да ги плаќаат поединечно тие што ги направиле или пак да се најде некој друг начин за надокнада на овие штети. Одговорите ми за првото и за второто прашање ги барам по писмен пат.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Најкратко сакам да одговорам, не сакам да го злоупотребувам вашето внимание, меѓутоа, ако е министер тука инсистирате на жива комуникација, во еден случај и го викате министерот надвор за две минути, ве молам, немојте еднаш писмено еднаш усмено. Ако може министерот сега да одговори, ќе одговори а ако пратеникот е незадоволен ќе си даде и усмен одговор.

По првото прашање најкратко. Имено, партиципацијата за универзитетот е регулирана после јавна расправа пред Уставниот суд и со одлука на Уставниот суд, мислам во 1991 година. Одлуката може да се презентира. Се партиципира за број над утврдената квота што ја утврдува универзитетскиот совет, ја потврдува заедницата на универзитетите на Македонија и ја визира Министерството за образование.

Во партиципацијата над предвидената квота не се предвидени некакви солидарни или социјални елементи. Се смета за бројка над утврдената пропишана дека на се покажал некој вонреден резултат за притоа државата да партиципира. Прашањето за партиципација на

IX/5.-

Универзитетот до крај не е регулирано, во тоа пратеникот Трпчевски има право и се разбира таа мора да биде реверзибилна, во смисла еден број влегуваат со партиципација. Ако покажат солиден резултат треба да бидат ослободени од партиципацијата во наредните години и обратно оние условно што влегле во квотатата кои државата ги финансира, ако покажат слаб рез ултат треба да се стават во некоја категорија да плакат за своето образование. Тоа прашање останува универзитетот да го дорегулира. Солидарност плаќаше на штетите, и според мое мислење не е во ред затоа што за секоја штета има познат сторител. Такви притужби особено од основното образование имаме се позачестено и добро е ако не се најде сторителот и ако во една мала школска заедница како клас ако солидарно, а се знае кој е сторителот на тоа ниво евентуално може да се сподели некоја евентуално направена штета но не и да се препишува однапред или од назад на завршената година. Мислам дека по второто прашање пратеникот има право и прашањето му е сосема на место.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали останува некое барање за дополнителен писмен одговор господине Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

(Не).

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Ќе поставам неколку прашања.

Прво, одземената вила на Водно од академик Јордан Поп Јорданов му е дадена на користење на претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров. Сега оваа вила со приближно од околу 400 $м^2$ корисна, површина и дворно место од 1000 $м^2$ е во лична сопственост на господинот претседател.

Прашувам за колку пари оваа вила е купена од претседателот и по кој закон.

IX/6.-

Второ прашање, до кога во угостителско туристичките претпријатија своите хотелски сметки за извршената услуга ќе стои наместо држава Македонија, стои се уште држава Југославија.

Трето прашање бидејќи се приближува времето за прием на сезонски работници во претпријатијата кои се занимаваат претежно со земјоделска дејност, дали понатаму ќе продолжи старата практика за сезонските работници да не бидат здравствено и социјално осигурени односно да бидат третирани како надничари.

Четврто, колку пари има добиено Република Македонија од ММФ.

Барам писмен одговор.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани претенции би сакал да поставам едно прашање до Владата.

Прашањето гласи: Концепциско мислење за решавање на статусот на Јавното претпријатие "Студенчица - Злетовица".

Самото прашање произлегува од предметот, карактерот, содржината, функцијата и функционалноста на ова претпријатие што функционира, а во прилог на тоа би додал да се има предвид и елементот на оризарска река.

Би предложил, во едно догледно време Владата да достави напишано мислење.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, до надлежното министерство го поставувам следното пратеничко прашање:

Од донесувањето на Уставот на Република Македонија до денес колку лица се казнети за прекршок по член 25 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир: истакнување без одобрение на знаме, грб или сличен симбол на друга држава и од казнетите колку се албанци и колку останати

IX/7.-

Дали Владата мисли да предложи укинување на овој член па го сметаме за политички делит.

Молам, за писмен одговор.

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги пратеници,

Јас имам едно прашање упатено до Министерството за образование.

Во член 48 од Уставот на Република Македонија се вели: "Припадниците на националностите имаат право да ги изразуваат, негуваат, развиваат својот идентитет и националните особености. Меѓутоа, за негување и развивање на националниот идентитет помага и предметот по историја. Како можат учениците кои немаат можност да ја изучуваат своја национална историја да формираат и да го изградат тој сопствен национален идентитет.

За основните односно осумгодишните училишта па и средните ученици од албанска националност учат пет до шест часа во текот на цело школување од својата национална историја. Зошто министерството за образование и неговите служби и Заводот за унапредување на наставата на нашле за сходно, иако за тоа биле замолени веќе две три години узастопно, не изработиле наставна програма во која би се овозможило и на овие ученици од албанскта националност да ја изучуваат својата историја со која и тие би можеле да го негуваат и формираат својот национален идентитет.

Барам писмен одговор.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

За писмен одговор секогаш има време, па и по:ле мојот усмен одговор.

Прво не верувам дека само пет до шест часа се оставени за ислужување во рамки на предметот историја за материјата од областа на спецификата на националностите.

IX/8.-

Второ, веќе подолго време педагошкиот завод изготвувајќи нови програми по историја се обидува да контактира со врвни историчари од националностите, албанци, турци и други. Нема добра соработка и нема искажано волја од овие да низ заедничка конструктивна расправа научно заснована да поместат соодветни содржини по она што е заедничко езеро, а инаку во дел од предметите е можно да се остави простор, како што тоа во светот се прави за изучување на верифицирани нешта од историјата на националностите во Македонија.

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Од овој усмен одговор не сум задоволен поради тоа што знам дека здружение на историчарите албанци од Македонија, биле во преговори и со заводот и со Министерството. Меѓутоа и после вакви преговори повторно тие настојуваат настанале на свои одредиште. Затоа не го прифаќам ова што го кажува министерот за образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа треба да се даде писмен одговор па тогаш можеме да ја слушаме реакцијата на господинот Рахими. Инаку, само сега е слушнато она што го рече.

X/1.- РД-ВБ

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас го поставувам следното прашање за ресорното министерство. Кои се информациите што не се вработени албанци во општина Куманово кога знаеме дека има многу дипломирани правници во Заводот за вработување кои чекаат со години.

Второ прашање во Управата за внатрешни работи во истата општина нема ниеден албанец на раководни места на ова подрачна единица и бројот на вработените албанци е симболичен, што не одговара на потребите на оваа мешовита национална средина.

Јас го поставувам следното прашање, исто така до ресорното министерство на Министерството за внатрешни работи да нема албанци на одговорни места, дали е работи аз недоверба или за други икс причини кои ни се познати како повод за елиминирање на оваа популација да партиципира во овие органи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе одговорите писмено? (Писмено)

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прво прашање, дали Владата смета дека работи нелегално и во нелегитимен состав, имајќи ја предвид одлуката на Уставниот суд на Македонија. Дали господата Беќир Жута, Ристо Иванов и Јован Андонов се избрани како потпретседатели или како министри во Владата

Трето прашање, дали Владата заборави дека господинот Стево Црвенковски го разреши ова Собрание од функцијата потпретседател и исто времено донесе одлука за назначување за именување за министер за односи со странство. Првите поставени прашања барам да ги одговори премиерот. Дали постои одговорност на Владата и надлежните министерства за изградба на бензинската пумпа од Сеидин Рафиз како инвеститор од село Копачин Дол - Тетовско објавен во "Службен весник број' 56/93 во смисла дека се наоѓа во првата заштитна зона на изворот Рашче.

X/2.-

Одговорот го барам од министрите за урбанизам, земјоделство и стопанство.

Од министерот за внатрешни работи барам одговор на следното прашање. Објавена е вест дека 6 бугарски камиони натоварени со минофрлачи и со снајперски пушки "Драганов" во септември месец 1993 година тргнале кон Албанија преку Македонија на граничниот премин Бушево - Девебаир. Испорачувач на оружјето била фирма "Дунарит" а гарант на зделката било бугарското министерство за одбрана. Неодамна камионите се вратиле во Бугарија, меѓутоа конвојот воопшто не стигнал во Албанија. Министерот за внатрешни работи да одговори дали пратката завршила во Македонија, каде, во чии раце и какви се сознанијата и коментарот на Владата во врска со' оваа објавена вест.

Од министерот за односи со странство и за стопанство барам да одговорат на следните прашања: Јавна тајна е дека во Министерството аз односи со странство се добиваат дозволи по некоја неформална тарифа од 3 до 3,5 илјади марки за дозвола за увоз за оние производи за кои е утврден контингент. Ме интересира и барам одговор на прашањето врз кои критериуми како и кому се делат дозволите, сертификатите за увоз и кога ќе се воведе стандардизирана аукциска продажба на контингентите како што Владата предлага во својата стабилизациона програма.

Од министерот за внатрешни работи барам одговор на прашањето, колку барања вкупно, по член 26 од Законот за државјанство, во рокот утврден со тој закон се поднесени во Управата за внатрешни работи, колку се досега решени, колку примиле државјанството од нив а колку не и кога ќе се решат сите барања целосно, заедно со остројувањето на книгите за државјанство.

Посебно прашање барам од премиерот и министерот за односи со странство, дали Владата прифатила разговори за промена на името и знамето на Република Македонија со посредство на преговарачите

именувани од Советот за безбедност со претставници на Владата во Атина и каков е ставот на Владата во врска со условите на премиерот Папандреу на Грчката Влада во врска со продолжувањето на македонско- грчките посредни или непосредни разговори, односно дали досега претставник од Владата разговарал, односно прифатил да разговара за името на Република Македонија и за промена на знамето на Република Македонија.

Доколку се присутни посочените министри, можат да одговорат и усмено на самата седница, доколку не се чувствува за повикани да дадат одговор некој од присутните, тоа да биде сторено во писмена форма.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Ќе поставам неколку прашања на Владата, односно на членови на Владата на Република Македонија. Меѓутоа со жалење ќе констатирам дека многу од нив и не присуствуваат на денешната седница.

Првото прашање се однесува до Министерството за надворешни работи. Зошто Владата на Република Македонија се уште пред македонскиот Парламент ги нема доставено законите за ратификација на договорите на воспоставуваше на дипломатски односи со повеќе држави.

Имено, ние преку средствата за јавно информирање слушаме дека Република Македонија секојдневно воспоставува дипломатски односи со одредени држави во Европската заедница и надвор од неа. Меѓутоа, сите тие големи информации што ги слушаме преку средствата за информирање досега во Парламентот има пристигнато ми се чини не повеќе од 4. Ми се чини тоа беше со Турција, со Бугарија, со Словенија и со Хрватска. Значи го поставувам следното прашање. Зошто другите договори за ратификација се уште ги нема пред Парламентот и што е причината за такво одлагање на ратификација на тие договори. Тоа е првото прашање и веднаш со тоа прашање е сврзано и второто

мое прашање дали Владата на Република Македонија го има тоа право според законот, без ратификација на дипломатските односи во Македонскиот парламент да отвора конзуларни или амбасадорски свои канцеларии во другите држави. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува до министерот за култура и за образование и тука прашање е следното. Какви се досегашните сознанија на министерот за култура и министерот за образование кој е надлежен за спортот, за почитување на ембаргото дадено од страна на ОН кон СР Југославија во поглед на културата и на спортот. Знаеме дека тоа ембарго постои и во тој поглед и оттука ме интересира одговорот на Владата какви се нејзините информации на почитувањето на тоа ембарго према СР Југославија.

Следното прашање исто се однесува до министерот за култура па ме интересира кој ја има дадено дозволата за настапот на познатата пеачка од СР Југославија Неда Украден која ќе држи концерт во Македонија овие денови. Тоа го поставувам од причина што знаеме дека познатата пеачка секаде настапуваше во предизборната кампања на војниот злосторник Аркан, па сметам дека со една ваква дозвола Република Македонија и граѓаните на Република Македонија можат навистина да си навлечат еден гнев на меѓународната заедница и ме интересира исто така дали има сознание министерот за култура дали настапот ќе биде на Неда Украедн соло или ќе биде исто како во предизборната кампања со господинот Аркан политичар од Србија кој во сите свои говори јасно ја има изразено политиката за голема Србија во чиј состав треба да влезе и Македонија.

Четвртото прашање се однесува на министерот за внатрешни работи, кој за жал го нема овде и тука можам да поставам неколку прашања.

X/5.-

Прво, познато е дека во овој момент во Битола, а верувам дека и во многу други градови во Република Македонија, сигурно најмногу и во Скопје, меѓутоа во Битола ми е потврдена информацијата во овој момент се наоѓаат 30-тиан вратени старешини од Југословенската армија, по потекло Срби и Црногорци, кои имаат свои станови во Битола, сите до еден офицери кои се однесуваа практично злосторнички по повлекувањето на Југословенската армија од територијата на Македонија офицери кои поседуваат автоматски и полуавтоматски пушки и поголем комплет на оружје во нивните станови и група на 30 офицери кои во овој момент во Битола малтене се донесуваат каубојски, со постојано вреѓате на граѓаните на Битола, постојано вреѓање на националните чувства, омаловажување на македонската држава. Ме интересира какви се информациите на Министерството за внатрешни работи за таа група од 30-тиан старешини на Југословенската армија кои во овој момент престојуваат на територијата на Македонија и што ќе преземе за мирот и стабилноста не само на градот Битола туку и на други градови во Македонија каде што имаме такви враќања на слични типови со криминални досиеја од војната во Босна и во Хрватска.

Следното прашање се однесува до министерот за внатрешни работи и е поврзано на некој начин со претходното. Имено, сведоци сме дека во градот Битола во последните неколку месеци се случуваа низа политички настани, односно настани кои имплицираат политичка сила и терор, при што треба да се спомне дека е запалена колата на еден републички пратеник, потоа гледаме и имавме можности да чуеме дека се запалени просториите на една политичка партија и оштета на едно возило на една политичка партија.

Ме интересира зошто Министерството аз внатрешни работи се уште неколку месеци после тие настани не излегува со информација пред македонската јавност дали има некакви сознанија околу целиот тој случај и доколку има го поставувам прашањето тие информации да ги

изнесе пред македонската јавност што побрзо, затоа што вакви нерешени политички случаи без сомнение имплицираат една работа, а тоа е дека е режија на државната безбедност со цел на политичка конфронтација меѓу партиите. Оттука сметам дека ќе биде многу коректно, доколку Министерството аз внатрешни работи поседува такви информации што побрзо да ги запознае македонските граѓани и македонската јавност со ваквите случаи на политичко насилство во градот Битола.

Следното прашање е до премиерот на Владата, до сите членови на Владата и специјално до членовите на ПДП во Македонската влада. Имено, во неколку настапи, не во неколку туку во сите досегашни настапи од челниците на ПДП и разни да речеме албански граѓани, па дури и албански пратеници, за што имавме сведоштво и на денешната седница се изнесуваат констатации односно се изнесуваат изјави дека албанците во Република Македонија, дека албанците во Република Македонија се тероризирани, дека албанците во Република Македонија нема еднакви права и не знам се какви обвинувања, дури има и такви изјави дека албанците подобро живееле во време на фашизмот и црнците во Јужна Африка подобро живеат од албанците во Македонија. Оттука прашањето посебно го поставувам до петте министри членови на Македонската Влада претставници на ПДП. Значи министерот за финансии, министерот за наука, министерот без портфељ, министерот за труд и социјална политика и до потпретседателот на Владата господинот Беќир Жута. Зошто дозволува да учествува на седници на македонската Влада каде што Македонската влада утврдува политика за тероризирање на албанското малцинство во Република Македонија и зошто ја поддржува таквата политика на македонската влада заради терор на едно малцинство во Република Македонија.

X/7.-

И последното прашање е повторно упатено до министерот за внатрешни работи господинот Фрчковски, меѓутоа го нема дали е точна информацијата дека министерството за внатрешни работи го има фатено, односно уапсено заменикот министер за здравство господинот Имер Имери и дека го чува тајно со специјална полиција на Солунска Глава каде што човекот е подложен под страшни малтретирања. Ако е точна таа информација, повторно ме интересира прашањето, според кој закон на Република Македонија можат денеска да се вршат такви малтретирања во Република Македонија и зошто членовите на ПДП молчат за една таква тортура на нејзини членови, односни нивни граѓани.

Ве молам, првите прашања би сакал да се одговорат усмено додека последното прашање би сакал да ми се одговори писмено.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Јa ќе одговорам на прашањето што се однесува до сегментот на култура, односно таму каде што е можно денеска усмено да елаборира се разбира ќе има и писмено дополнение и доколку господинот Георгиевски не биде задоволен ние подоцна ќе ја отвориме таа процедура околу прашања и одговори на пратенички прашања и соодветно ќе ја штитиме институцијата пратеничко прашање.

Имено, во врска со ембаргото, односно резолуциите на Советот за безбедност и ОН околу, или за СР Југославија, јас пред малку одговорив по повод едно исто такво слично прашање и истиот одговор пак му го упатувам на господинот Георгиевски според тоа, тука заклучувам.

Второ, сознанијата за евентуално кршење на ембаргото во сферата на културата и образованието, сметам дека најдобро можеме да го елабориламе на писмен начин, по писмен пат заедно со Министрството за образование и Министерството за односи со странство кој што по законот за органите на управата ќе ја искооординира работата и ние на ниво на Влада ќе одговориме на тоа прашање.

X/8.-

Третото прашање беше во врска со гостувањето, односно со евентуалното гостување на Неда Украден во придружба на тој господин именуван што јас не знаев дека се бави со култура, но еве господинот Георгиевски ме потсеќа дека веројатно ќе пее или слично, немам сознание во врска со тоа ќе добиете исто така писмен одговор на тоа прашање.

**АГИМ ФАЗЛИУ:**

Првото прашање се однесува до Министерството аз односи со странство. Познато е дека согласно законот за надворешно трговско работење стоките што се увезуваат, односно извезуваат подлегнуваат под одреден режим на извоз односно увоз.

Во врска со ова, молам да се одговори ки следното прашање: Кои се корисници на контингенти на увоз со име и презиме на сопственици на фирми за 1993 година.

Прашањето го поставувам од причина што има поплаки од граѓани не Македонци, дека тие тешко ги добиваат контингентите односно не ги добиваат затоа што не се Македонци, освен кога се снаоѓаат со мито. За жал има сознанија дека во ова Министерство за односи со странство одредени луѓе со високи функции се корумпирани.

Второто прашање до Владата, ако може и усмено да одговори министерот за култура. Зошто се уште не се отстранети ставените крстови насилно на Саат кулите во Битола и Прилеп, што презема Владата и Министерството аз култура, бидејќи се работи за културни споменици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот сега не е тука.

XI/1 CJ/СЛ

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас ќе го поставам првото прашање, не е мое туку по барање на штедачите од Битола, прашањето е: Со продажба на општествените станови им се овозможи на штедачите со давањето на штедниот влог со унапред утврдена проекција за девалвирање на штедниот влог да се ослободат заробените девизи. Со продажба на општествените станови се планираше да се добијат преку 200.000.000 ДМ. Се знае дека со општествените влогови од девизните штедачи се купи еден дел од становите, меѓутоа, се знае и тоа дека поголемиот дел од становите граѓаните ги купија во странска валута и тоа во ефектива. Прашањето гласи: Колку пари Владата собра во готово од ваквата продажба и дали овие пари се употребени за ослободување на заробените девизи или се употребени за друга намена? Ова прашање покрај тоа што го псотавувам од името на штедачите го појаснувам да не дојде сега истата ситуација и со продажбата на деловните простори.

Друго прашање, кога Владата ќе го пушти законот и дали ќе се донесе законот за денационализација затоа што тој е многу важен и поврзан со законот за приватизација. Веќе од адвокати и од странки е познато дека првенствено распродажбата на овие општествени дуќани и фабрики нарочно го прави Владата, оние кои што се навистина критични и сомнителни дека при донесување на законот за денационализацијата ќе бидат повратени, неправилно национализирани и ќе се продаваат тие, а потоа да се префрли топката, еве го ние му го продадовме на овој, вие служете се со овој итн. итн., да се влечка работата. А, тоа се чини е нарочно и во Законот за приватизацијата така е речено, па во рок од 60 дена, а тој рок е многу краток и вешто измислен да не ќе можат да се снајдат со документација или со пасош или државјанство, што се бара со

него, така да поголем дел од нив да го изгубат веќе уште на првите потези и да не може да се поврати.

Трето, од дневниот печат се дознава дека во станиците Гевгелија и Скопје и натаму, лежат 900 вагони цистерни наполнети со нафтени деривати. Дали има орган кој води сметка за Републиката или се увезува вон потребите на Републиката, што не знае да се прави со нив и дали за таа маневра по станиците навистина се наплаќаат по 14.000 марки за лежарина на секоја вагон цистерна?

Четврто, дали е и колку тони шеќер во еден ден е увезен и дали е извршена контрола на квалитетот на истиот шеќер, дали одговара на нашите стандарди што досега се произведуваат во РМ?

Петто, ова изгледа е до претседателот на Собранието Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не не е предвидено тоа, не е предвидено поставување прашања до претседателот.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Добро, зошто Комисијата за испитување на настаните во РЕК Битола уште не помина на Собрание и дали тоа се чека да се избрише, заборави или се чека новиот реизбор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред г-дине Мицевски, одете вие сега. Барате да ви се одговори писмено. Добро, молам.

ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:

Прво се приклучувам кон прашањето што го постави Ковачевски во однос на трите работи упатени до МВР и до Министерството за народна

одбрана или поконкретно. Што презема АРМ за обезбедување на границата бидејќи тоа е нејзина функција и какви мерки и активности во овој крај и околината, презема МВР, во заштита на сигурноста на граѓаните и на имотите,бидејќи оваа појава на грабеж добива масовен карактер и има политички импликации? Тоа е значи до МВР и до АРМ.

Второ, до министерот за образование. Селото Лабуниште спаѓа во дримколскиот крај што се смета за пограничен и ридско планински предел. Сите училишта сместени во тој регион односно учителите наставниот кадар добиваат 5% како што сум информиран поголем личен доход отколку другите просветни работници, па го поставувам прашањето зошто тоа не е и со наставниот кадар во Лабуништа, кој што по сите атрибути и по неговата сместеност ништо не се разликува од останатите училишта, односно наставниот кадар кој што работи во тој регион?

До министерот за правосудство. Во населбата Вевчани према граѓаните се преземени масовни судски пресуди заради неадекватност во постапката на граѓаните при наплатувањето на надоместокот за вода. Имено, наплатувањето, колку што сум информиран го има вршено Месната заедница, граѓаните тоа го имаат испоштувано, меѓутоа, према нив судските органи поведуваат постапка за плаќање на допринос на легалната организација на Водостопанство во Струга. Прашањето е како министерот може оваа работа да ја разреши на правно - релевантен начин, а да нема политички импликации?

Четврто прашање до Владата. Дали во јавниот сектор конкретните министерства што се сместени во јавниот сектор по донесувањето на законот за плати дали се спроведува конкретниот закон во оваа сфера, онака како што е донесен, или се применува методот пеглање на плати заради некој егалитизам во оваа сфера, без разлика на критериумите и елементите кои што ја одредуваат категоријата личен доход?

XI/4

Петто прашање до Владата, во западните предели на Македонија постојат многу населби, бројни фирми, различни јазици, така да кога човек ќе се движи во тој крај не може да изврши идентификација каде се наоѓа. Има ли Владата намера анархијата во оваа сфера на реклами, и наслови да ја среди и да ја даде онака како што е пример на една суверена држава? Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ефтим Манев. Сака нешто процедурално.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, вчера во 16,40 часот ја прекративме седницата од поставување на пратенички прашања, поради тоа што Владата не беше комплетно на седницата. На истото нешто укажа и премиерот на Владата. Денеска работиме со 4-5 министри и сметам дека нецелисходно е да ја злоупотребуваме говорницата ид а го губиме времето, да поставуваме прашања кои што прашања треба да се одговараат усмено. Секој пратеник сметам дека има повеќе слободно време да си ги напише прашањата, ако сака да му се одговори писмено и така да ги ,поставува, инаку според изјавата на премиерот се договоривме пратенички прашања кога се поставуваат Владата да е комплетна. Инаку, мене ми се чини дека ова е сосема нерационално користење на времето, па во тој дел во колку прифати Собранието и кој пратеник има прашања од областа на министрите што се овде нив да им постави прашање. Така да сето ова што е овде е бесцелно вака, да поставуваме прашања на трибина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ве известам дека премиерот, претседателот на Владата и скоро комплетната Влада седеа овде повеќе од 40 минути, чекаа да се соберат пратениците и да почнеме во времето кога седницата беше закажана.,

Меѓутоа, овде имаше само 7 пратеници, а во зградата влегле 31 пратеник. И затоа го одложивме почетокот на седницата со едно жалеше на премиерот , после беше и кај мене, дека навистина има планирано и други активности и дека не е во состојба цело време да седи овде. (реакција на некои од пратениците во салата). Ве молам за тоа ние не расправаме овде, јас само дадов појаснување.

Господинот Манев даде сугестија да се поставуваат прашања само до присутните министри. Јас ве молам, секој од пратениците кој ќе поставува прашање, да постапи по таа сугестија или да не постапи тоа е право на пратеникот, се разбира. Ама,- имајте во вид и една таква ситуација.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Сепак сметам дека Собранието треба да работи рационално, доколку продолжиме вака да работиме со делумна присутност на Владата подобро е да продолжиме по една од точките на дневниот ред, да си оставиме ден за пратенички прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, па тоа значи ние уште еден ден на оваа седница да потрошиме на пратенички прашања.

Има збор г-дин Рамадани. Не е тука.

Има збор министерот за образование.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Ќе одговорам на едно од прашањата на пратеникот Трпеновски за Лабуниште и зошто не е предвидено да биде ставено во онаа листа на отежнати услови како што се ридско - планинските, погранични отежнати услови, посебни специјални паралелки, комбинирани итн. Не е само

Лабуниште, уште неколку населени места во Македонија со право тој проблем го изнесоа. Меѓутоа, има една друга вистина која за жал еве и пред вас пратениците и пред пошироката јавност ќе ја кажам. Едвам некаде во 1992 година се изборивме за тој статус во основното образование за оние 4.400 УНР, за токму ваква намена да се одвојува. Едно прашање е дека имаше и слабости во распределбата на тие средства меѓутоа, се плашам , а тоа е работа на Владата, јас како член на Влада не смеам да се спротивставам пред вас, многу жолчна расправа водевме и се плашам дека тие 4.400 УНР во сегашното предвидување на Буџетот за 1994 година се ставени адакта.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имам само едно прашање. Дали Владата има изработено проект за изградба на брана на реката Плаваја за барање на средства пред меѓународните финансиски институции. Ако нема кога мисли да го прави тој проект, или приоритетно кога го планира?

Сакам да објаснам во овој поширок реон, пред се ова е река со најголем воден потенцијал и со изградбата на оваа брана може да се наводнуваат поголем дел од површините во Радовишко и Струмичко поле.

Сега со зачленувањето на Македонија во меѓународните финансиски институции се отвора можност да во најбрзо време како едно приоритетно прашање да се изработи проект за да се достави до овие меѓународни институции. За оваа брана исто така има изработено и иден проект кој предвидува и три мали хидроелектрани, а знаеме дека на Македонија исто така и е потребно моментално и струја, што двократно има потреба од изградба на оваа брана, бидејќи ќе се користи за две намени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство сега не е тука, па ќе одговори писмено.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Се извинувам што повторно излегувам на говорница, но присуството на министерот Бајалџиев ми даде за право, да го искористат и да поставам едно пратеничко прашање. Имајќи ги во предвид скромните средства што ги има во Буџетот за 1994 година предвидени за ресорот на Министерството за образование, наука и култура кои се со посебна намена за одржување на основни материјални средства на основните училишта прашувам: Што намерава да преземе ресорното Министерство за образование, наука и култура околу завршување на веќе започнатите основни училишни згради? Ќе го наведам примерот со основното училиште во Месната заедница "Иво Трифковиќ" во Куманово, што е моја изборна единица, а кое е изградено со месен самодопринос и се наоѓа во фаза кога финалните работи од доменот на градежништвото и занаетчиски услуги се завршени.

XIX/1 НН/ЛБ

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:** (продолжение)

Мислам на поставуваше на водоводна мрежа, малтерисување грубо и фино, наместена столарија, застаклени прозорци, Инаку пресметките што се направени се дека се потребни сосема мали финансиски средства за довршување и да започне училиштето да работи. Инаку, тоа е оставено на забот на времето и на човечкиот фактор, така да овој објект рабидно опафа а подрачното осумгодишно училиште Христијан Крапуш" во населбата "Перо Чичо" поради физичка оптеретоност со ученици од оваа населба спроведува настава и во простории од сутуренот на училиштето, а одделенијата, се мисли со ученици во основно образование се над 35 ученици. Значи, одделенијата се преблокирани.

Морам да напоменам дека основците од оваа Месна заедница пешачат 2 до 3 километри до подрачното училиште а нивното основно училиште останува недовршено. Имајќи го во предвид честото и оправдано реагирање на граѓаните од оваа месна заедница и актуелноста на проблемот го молам министерот Бајалџиев да ми одговори каков третман ќе имаат вакви објекти кои се наоѓаат веќе во финална изградба и кои се со посебна намена за воспитување и образование на најмалата училишна возраст, или пак можеби понатаму овој објект ќе остане на забот на времето и нема да ја изврши својата намена.

Би сакал министерот да ми одговори на оваа деница.

**ДИМИТАР БАЈАЏИЕВ:**

За жал многу училишта во Македонија почнати во едно друго време, а наменети за школски потреби ќе чекаат подобри времиња. Има многу такви и нема смисла за нив да зборувам.

Пратеникот во почетокот го загатна прашањето за покривањето на материјалните трошоци на основното образовани и за жал морам да констатирам дека последните 3 месеци во годината, од инаку вкупно

предвидените 200 милиони денари за 1993 ги дубам основното образование остана покриено само со 67% односно 33% и од скромните средства се уште за октомври и ноември месец не е покриено.

Во однос на доградба на објектите сигурно ќе водиме сметка на приоритет, на фаза на довршеност, на учество во изградбата на месното населени и, како и порано што еднаш господа пратеници одговарав ќе направиме према скромно расположливите средства, условно да речам, приоритет над приоритетите каде со помали средства, а ургентни потреби нешто треба да довршиме за да се стави со што помалку средства во производна функција образовна.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Јас сум задоволен од одговорот на министерот. И тој гледам дека убаво ме пратеше, јас сум во Комисијата за образование и култура и знам со какви средства располага неговиот ресор, меѓутоа поаѓајќи од претпоставката дека за започнување со работа на ова училиште му требаат навистина мали средства би сакал да му даде приоритет. Дали може да направи некоја пренамена на средствата, пак велам, скромни средства што ги има министерството или пак апелирам на самата Влада да најде некои минимални средства, затоа што тоа училиште е без чувар и човечкиот фактор е присутен, таму има кражби на она што му е потребно на народот и сега да не се случи од потребни минимални финансиски средства да направине поголеми трошоци. Молам само да му даде приоритет на ова.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, имам две прашања.

Во текот на 1991 година од страна на непознати вандалисти во Битола се искршени надгробните споменици во старите муслимански

гробишта. Прашувам, дали се откриени злонамерните вандалисти. Ако се откриени, со какви казнени мерки се казнувани.

Второто прашање е, што неодамна дојде до демолирање на просториите на ПДП при што е извршена и кражба на дел од инвентарот и опремата.

Очекувам писмен одговор од МВР за тоа кој биле актерите и што е преземено против нив.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас сакам да прашам зошто и дали се има намера да се одговори на неколку веќе повеќе месеци од мене. поставени прашања и тоа за остварувањето на логичка на контрола на Владата спрема јавното претпријатие Електростопанство во делот на условите и начинот на платата на каматата за потрошената ел. енергија. Поставувајќи го тоа прашање многумина изразија реагирање дека со самото поставување на прашањето на тоа прашање како пратеничко веќе се прејудицира логичноста или да се намали процентот на камата или да се намали рокот после кој нема да се плати па да се стави камата од логични причини кои не треба да се објаснуваат. Тоа е доцнењето на платите и на пензиите и на се друго. Јас мислам, дали тоа прашање не е погодно за одговор, сметам да се одговори на истото во најкраток можен рок, бидејќи најверојатно како Влада, затоа што Владата ја остварува контролата над јавното претпријатие Електростопанство во делот на управувањето би требало да следуваат конкретни активности на одлуката во однос на одредувањето и начинот на камата за ненаплатена користена ел. енергија.

Второ, се однесува во истата нејзина функција како претходното во делот на тоа кој се елементите на одредување на енормно високата цена на приклучок на електрична мрежа. За потсетување, се плаќа 2.700 стари милијарди за приклучок на електричната мрежа и што се влегува како

трошок односно елементи во одредување на така високата такса на приклучок на електрична мрежа.

Две прашања не ми беа одговорени, а во меѓувреме по едното прашање се донесе и Законот за вработување, но пратеничкото прашање е како Владата ќе ја решава здравствената заштита на невработените лица. За тоа се уште немам добиено одговор, а и не е битен толку одговорот колку што на теренот опслужувањето со зелени здравствени картони за невработените лица, таму каде што социјалната тензија е неприсутна како проблем нема решение. Камо среќа да се најде решение, па одговор ако нема, но се актуализира како пратеничко прашање заради тоа да се најде решение.

Како наредно прашање, иако го надмина забот на времето а тоа е повторна интервенција во делот на солидарноста на сите незгоди и неповолности настанати во земјоделието во делот на ослободувањето од негативните последици од град, суша. Тоа со самата Нова Година и нови задолжувања настануваат и не е актуелно, но јас сакам да прашам зошто толку долго се одолговлечува Законот за води каде што е едно од најголемите оптоварувања на земјоделието покрај данокот водниот надоместок, кој што сега се одлучува од самите даватели на услуга односно самите водостопански организации. Без никаква контрола, условно да кажам од државен орган или поширокатa општествена заедница. Барем во праксата е така. Мислам дека со законот за води, прашањето е кога тој закон ќе дојде во владина и собраниска процедура, а ќе најде и решението за контрола на висината на износот на водениот надоместок, како и она што земјоделците најмногу ги буни, а тоа е сталeн и променлив дел што е веќе како институт надживена работа.

Молам, да ми се даде одговор кога Владата ќе го стави во собраниска процедура Законот за води со овие решенија.

XIX/5

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас сакам на г-динот Минов да му одговорам за првото прашање.

Плаќањето на електричната енергија е чист облигационен однос. Облигационите односи се заклучуваат со договор утврден меѓу корисник и давател на услугата. А каматите и пресметувањата на каматите се определени во член 277 до 279 од Законот за облигационите односи. Тука е правниот основ за наплаќањето камата поради неизмирувањето на обврските кои ги имате преземено со договорен однос што го имате заклучено. Од тука стои правен основ за наплаќање на таа камата поради ненаплаќање на обврските кои ги имате.

(Уфрлување на Томислав Стојановски - ама преку суд тужено)

Тука станува збор, дали станува збор за затезна камата или за договорни камати, утврдени со заклучувањето на договорот.

За договорна камата кога станува збор таа се утврдува со заклучување на самиот договор, а додека затезна камата е од моментот на оптужувањето пред судот на неисплаќање на договорната обврска. Од тогаш се пресметува затезна камата.

Камата на камата може да се засметува само кога каматата е доспеана и по основ на тужбеното барање од моментот од оптужувањето може да се засметува и таа затезна камата.

Тие се правните основи во врска со наплаќањето на таа камата.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Г-дине министре, јас ова што вие го кажавте го знам туку сакам да ви кажам дека е исто договорен однос и договор за работа се склучува меѓу претпријатието и работниците, по новиот Закон за работни односи

што го донесовме и таму е претпријатиета на некој начин, условно кажано обврзано да му дава плата а касни можеби 3-4 месеци, па и повеќе, и пензиите итн., а инаку присилна наплата може само преку суд да се врши.

На крајот, добро е што ми се даде после толку чекање одговор, според Деловникот на Собранието не сум задоволен од одговорот и барам Владата да изготви информацијата по актуелното прашање и да биде поставена на дневен ред на Собранието на Републиката.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што некои прашања беа поистоветени овде ќе изоставам. Јас сакам да поставам најпрво неколку прашања од областа на земјоделието. Тука се совпаѓаме со Панчо Минов. Дали Владата во најскор временски период ќе може да го достави во собраниска процедура Законот за користење на водите, бидејќи еве 4-та година се наближува како сме во овој Парламент и постојано секоја сезона го потенцираме ова прашање за користење на водите и хидросистемите во Македонија, меѓутоа, проблемите остануваат и понатаму исти. Особено Битолска општина е во една катастрофална состојба, мислам на корисниците на вода, така да на оваа материја да и се стави еднаш крајот. То е првото прашање.

Второто прашање е непосредно поврзано со користењето на водите, но овој закон за кој јас "барам да се преиспита, или да се поништи, тоа е Законот за одводнување кој во Битолска општина е стапен на снага некаде 1962 година со исушување на Пелагониското блато, меѓутоа, без никакви основи од тогаш до денес иако сите земјоделци протестираат заради овој надоместок што плаќа за одводнување сепак Владата има една инертност и овој закон е се уште на снага.

XIX/7

Дали има можност Владата, посебно Министерството за земјоделие, во наредниот период да ни достави еден ваков закон или пак да се поништи овој закон за одводнување во РМ.

Третото прашање е сврзано со една голема неправда што е направена во општината Битола, т.е. со потпелистерските села, да не ги набројувам кои се, тоа сеготпелистерски те села во Битола, направена е една намерна или ненамерна грешка со класификација на земјиштето. Во строго ридскиот дел имаме сега моментално во катастарот се водат земјишта, ливади и ниви од прва категорија, а тоа не е можно во вакви планински услови да има таква класификација. Иако повеќе пати во Собранието на општина Битола во поранешниот период е поставувано ова прашање, исто така како пратеник и мене ми е поставувано јас во соработка со ресорниот министер често пати имам дискутирано на оваа тема но сепак до ден денес неправдата не е коригирана за овие граѓани бидејќи плаќаат порез за за една таква I или II класа, што не е нормално.

Затоа, Владата мислам дека треба да одговори на ова прашање, дали ќе се изврши коригирање на оваа неправда со класификација на земјиштето, особено во општина Битола, а сигурен сум тоа го има и во други делови на РМ.

Едно прашање е непосредно сврзано со меѓудржавни односи или соработка на соседите со РМ.

Пред извесен период столбовите на граничната линија со РМ и Република Грција осамнаа со натписи "Македонија е грчка". Меѓутоа, до ден декес во јавноста тоа, барем од Министерството з а односи со странство не е дадено официјално соопштение. Дали ресорното министерство дали даде некаква нота. до Република Грција заради ваквиот, инцидент, што. Се случи на границата со Република Грција, т.е.

на наша штета, а до ден дене не е ништо обелоденето. Последно прашање кое сакам да го поставам е, кога дефинитивно целиот имот на МПЦ ќе се врати во нејзино владение.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

На повеќе наврати и од други пратенички прашања се поставува прашањето за донесување на Законот за денационализација и последното прашање е фактички сврзано со ова прашање. Владата на последната седница го имаше Законот за денационализација, кој го има изработено и го разгледуваше, има готов законски проект. Остана уште едно прашање кое што треба да се расчисти, а тоа е на кој начин ќе се враќа тој дел на имотот. Се надеваме дека на наредната седница ќе го даде и тој одговор, па и тој закон ќе биде пропратен до Собранието и Собранието во процедура ќе го донесе. Во тој закон е решено прашањето за враќањето на имотот на црквите во РМ.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Дали и на кој начин се одобрени средства во износ од 100 илјади $ од фондацијата  СОРОЗ од РМ т.е. на Владата на РМ и за каква цел се искористени истите.

Дали тие средства се преотстапени на г-динот Гроздан Попов како приватен бизнисмен во Холандија, за која цел се наменети и под кои услови.

На крајот како Владата смета дека средствата се потрошени т.е. дали ова вложување има економска оправданост.

Молам, на поставеното прашање усмено да ми одговори министерот аз стопанство г-динот Петруш Стефанов.

XIX/9

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Министерството за стопанство постапувајќи по заклучокот за групацијата на туристичкото стопанство на РМ за настап на нашата туристичка дејност и промоција на нашиот туристички производ во Европа, како регион од најголемо значење за нашиот туризам донесе заклучок да се настапи на неколку манифестации во Европа. Најголеми манифестации од овој вид се саемот во Ултрехт и саемот во Берлин. Заклучокот за настап на овие саеми беше донесен во октомври 1992 година со што Министерството за стопанство беше задолжено да го организира овој настап прв како самостојна Република на пазарите во Европа.

XIII/1.-ЛП/МЛ

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Поаѓајќи од фактот дека во тој период имавме скромни материјални можности и поаѓајќи од тоа дека немаме никаков пропаганден материјал, се обративме до неколку институции во Републиката со барање да ни дадат понуди за печатење на ваков материјал. Поаѓајќи исто така од фактот дека за едно кратко време тешко може да се обезбеди организиран настап од Републиката во овие земји со кои беше тешко да се воспостави комуникација, од причини на сите нас доволно познати, се обративме до луѓе, личности кои се афирмирани во Европа од оваа област. Така, во Холандија контактиравме со господинот Гроздан Попов кој во претходниот период беше директор на претставништвото на Туристичкиот сојуз на поранешна Југославија во Амстердам до моментот додека не се растури поранешна Југославија. Претходно господинот Гроздан Попов беше секретар на Туристичкиот сојуз на Македонија, а во еден период беше и претставник на Туристичкиот сојуз на Југославија во Атина. Него го ангажиравме за организација и промоција на нашиот туризам во Холандија. За организација и презентација на нашиот туризам на саемот во Берлин, таканаречена интернационална туристичка берза, кој се одржува секоја година во почетокот на месец март ја ангажиравме агенцијата Паласт - Турист, која во Германија има свое претставништво кое е организирано и можеше да ги изврши овие активности.

Министерството за стопанство, во тој период, остваруваше повеќе активности со цел нашиот туризам да се промовира во Европа како самостојна и независна држава. Со Европската банка за обнова и развој разговаравме за повеќе прашања кои се од интерес и за државата и посебно за стопанството. Како резултат од тие разговорни веќе се остварени бројни контакти, а јавноста е запознаена дека е потпишан и

договор за финансирање на изградбата на далноводот меѓу Битола и Охрид токму од Европската банка за обнова и развој, која банка понуди од нејзини средства да се финансира изработка на студија за промоција на македонскиот туризам во земјите на Западна Европа.

За оваа цел, Европската банка за обнова и развој ангажираше една куќа од Италија, која во соработка со фирми на македонски претпријатија кои се регистрирани во Германија и Холандија требаше да ја изработи таа студија. Таа студија се уште не е завршена бидејќи треба да се соберат и дополнителни податоци и информации.

За настапот на овие два саеми во Утрехт, просечно има посета од околу 140 до 150 илјади посетители во тие пет-шест дена колку трае саемот, како и за настапот на нашите туристички можности и за нивна презентација во Берлин, каде што се присутни повеќе од 200 илјади посетители, обезбедивме закупување на простор за штандот. На саемот во Утрехт беше закупен штанд со површина од 100 квадрати, на кој беше изграден нашиот штанд кој беше во централната хала, веднаш до местото каде што се врши свечено отворање на саемот. На овој саем, на овој штанд за прв пат беше презентиран еден осмислен, целосен и многу инвентивен настап со презентација на нашите туристички можности преку нашиот слоган: "Посетете ја ова лето, Македонија земја на природа и култура".

На оваа саемска манифестација бевме присутни два дена тројца магистри - јас, господинот Љубе Трпевски и господинот Антони Пешев како дел од нашата посета во Холандија која траеше три ипол дена. При оваа посета остваривме, прво, средба на македонските министри со министер за надворешни работи на Холандија, господинот Кауманс, кој

XIII/3.-

во таа прилика, значи на 12 јануари 1993 година многу благопријатно се изрази за Македонија и изрази спремност да помогне во нашите напори за поширокото признавање. Имавме средба и со госпоѓата Ивон Ван Рои, министерка за економски односи со странство на Владата на Холандија. Притоа, искажавме едни наше барање за помош на Холандија во Светската Банка, со оглед дека претставник на Холандија беше и се уште е раководител на групата земји во Светската Банка во која се наоѓа и Република Македонија. Замоливме на нивно ангажирање за донаторство или друг вид помош за отплата на нашите кредити. Како што знаете Холандија стана и прва земја која се јави како промотор и донатор за отплата на нашите кредите сега во износ од 10 милиони долари како нејзино учество за помош.

Исто така, разговаравме и во Стопанската комора на Амстердам како најголема комора во Холандија, бидејќи во Холандија нема единствена комора на ниво на државата, туку има дваесетина комори. На таа средба во комората беа присутни 15 бизнисмени и банкари, при што господинот Љубе Трпевски посебно ја нагласи нашата потреба холандските банки да се вклучат во финансирањето на наши проекти, а исто така беше договорено и формирање мешовита банка меѓу банките од Холандија и некои од нашите банки. Бизнисмените од Холандија изразија интерес за нашата земја и за учество на нивен капитал во формирање на мешовити претпријатија.

Исто така, во тие три ипол дена го посетивме големиот концерн Филипс и јас во името на Министерството за стопанство со директорот на Филипс потпишав писмо на намери за соработка меѓу стопанството на Република Македонија и Филипс. Со ова писмо на намери се овозможува на двете страни да остваруваат повеќе контакти, формирање на

мешовити претпријатија, формирање претпријатија надвор на трети пазари и настап на трети пазари, учество на Холандија во опремувањето на нашите телекомуникациони капацитети, како и за опремување на нашите навигациони уреди и за опремата на аеродромите. Го обновивме контактот што беше пред неколку години прекинат меѓу Македонија односно меѓу градот Охрид и градот Катфајк, збратимени градови, при што градоначалничката на Катфајк изрази спремност градот Катфајк да помогне во обезбедување средства за зачувување на културното и историско наследство на градот Охрид.

За настапот во Холандија и во Германија одпетативме околу 120 или 130 илјади примероци, јас во овој момент не знам точно, пропаганден материјал кој поради краткиот рок за подготвување и поради другите причини кои во тој момент беа доста сериозни, не можевме да го оствариме во еден поинаков вид.

Во тоа време од господинот Сорос, со кого нашата држава имаше повеќе контакти, беше понудена негова помош за презентација на нашиот туризам во Холандија, при што со комплетна документација која нему му е презентирана тој даде помош во висина од 100 илјади долари, за што после завршувањето на овие две манифестации му е поднесена целосна документација со пресметка и благодарница за неговото учество во нашата промоција во Западна Европа.

При двата саеми оствариме бројни контакти не само со новинари, со десетици новинари, туку и со претставници на големи туроператорски куќи на кои ги презентиравме нашите туристички можности. Исто така, оствариме контакти и со генералниот секретар на Кралското автомото друштво на Холандија, замоливме во нивниот информационен систем да се вклучат информации од автомото - сојузот на Македонија, при што тој почитуван господин се заложи и за наше вклучување и примање во

Светската асоцијација на авто- мото друштва, што се оствари неколку месеци подоцна.

Вообичаено е на саемски и други манифестации да се приреди конференција за печат со приеми или сличен вид комуникација. На саемот во Берлин беа поканети околу 200 новинари. Тој коктел јас го организирав, односно јас бев домаќин, со моја покана беа поканети и присуствуваа околу 120 - 130 новинари, директори и видни личности на туроператорски куќи на автомото друштва, на хотелски и други организации како и претставници од други земји - кои во тоа време на саемот беа пресудни. Во овие контакти се оствaрија и повеќе интервјуа и разговори со новинари, кои потоа беа пренесени или во радиотелевизиски емисии или во повеќе весници во кои на еден јас мислам доста уверлив начин и со убави зборови се изнесуваше и вистината за Македонија, како дел од нашите севкупни активности за пошироко признавање во светот.

Како континуитет на сите овие активности, и оваа година, Република Македонија учествуваше на саемот во Утретхт што се одржа од 11 до 16 јануари о.г., а ќе учествува и на саемот во Берлин кој се одржува од 7 до 12 март со презентација на она што Македонија може да го понуди.

За сите овие манифестации комплетно од Министерството си има документација која што се однесува на сите трошоци од различен вид и која што е нормална за еден ваков настап.

Зошто токму овие два саеми? Прво поради тоа што Германија е земја од која најголем број туристи доаѓале во Македонија, а Холандија е на второ место од странските земји од каде што туристи доаѓаат во Македонија. Нашите показатели зборуваат дека од Германија од нивните Туристи годишно се остварувале преку 30 милиони долари, а од

Холандија повеќе од 20 милиони долари. Тоа е заедно 50 милиони долари, што претставува околу 70% од вкупниот прилив од туризмот што Македонија го остваруваше во годините пред да се случат овие настани во поранешна Југославија и сега на Балканот.

Наша оценка е дека и натаму треба да бидеме присутни на овие саеми, и не само на овие саеми, туку и преку други манифестации, преку објавување на огласи, поканување новинари од западноевропските и од другите земји.

Патем, да споменам дека во мај оваа година Македонија, врз основа на нашите разговори што ги имавме во Берлин, ја посети група од 25 новинари специјализирани за прашања од областа на туризмот. Во Охрид јас имав со нив конференција за печат, а тие ги посетија сите позначајни туристички места во Македонија, се разбира во делот на организација на Министерството за стопанство, како државен орган, меѓу другото надлежен и за прашањата на туризмот.

За сите овие активности постои комплетна документација која му е доставена, во делот што се однесува на помошта што господинот Сорос ја даде. Јас ја користам и оваа прилика да му заблагодарам за неговата помош не само во овој дел туку и во сите други активности што ги прави во интерес на Македонија и македонската кауза.

Во минатата година во буџетот на Република Македонија беа предвидени 300 милиони тогашни динари, сега 3 милиони денари. Од нив не а искористен ниту денар, што може да се провери во Министерството за финансии. Исклучиво се работи за средствата од фондацијата Сорос во 1993 година.

За оваа година во буџетот има средства во износ од 4 милиони денари. Владата пред десетина дена ја усвои програмата за општа туристичка информативна дејност на Македонија, која треба да се реализира во текот на оваа година, со која програма се оценува дека се потребни 15 милиони денари, а во буџетот има се на се средства од 4 милиони денари. Ќе се обидуваме и на друг начин, дали преку донаторства или на поинаков начин да обезбедиме целосна реализација на оваа програма.

Уште еднаш сакам да нагласам дека секој наш настап во странство бил со голем интерес пречекуван, со едно извонредно разбирање за нашите проблеми и со една голема желба и подоцна гледа- ме ангажирање на нашите соговорници да и помогнат на Република Македонија во нејзините напори за пошироко меѓународно признавање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Билјана Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи не сум целосно задоволна од одговорот, министерот не ми одговори на првото прашање. Всушност, кажав дека тоа е помош а не заем, тоа се неповратни средства. Тогаш зошто не е вклучен Туристичкиот сојуз на Македонија и која е формата на неговото постоење. Значи, не ги кажавте условите под кои се дадени средствата.

Второто прашање беше дали тие средства се преостапени на господинот Гроздан Попов како приватен бизнисмен во Холандија, за која цел се наменети и под кои услови. Вие кажавте што бил господинот Гроздан Попов пред распаѓањето на бивша Југославија, кажавте дека тој е ангажиран сега. Прашањето беше дали тие средства се преотстапени

на господинот Гроздан Попов како приватен бизнисмен.

На крајот за економската оправданост на оваа манифестација и воопшто на одржувањето вие дадовте едно поцелосно објаснување. Но бидејќи сакам конкретни одговори на овие прашања, ќе го замолам министерот да ми даде една писмена информација, т.е. писмен одговор на овие прашања, во кој ќе биде вклучен и писмен преглед на трошењето на средствата кои вие веќе ги имате, нели, сте ги поднеле.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за стопанство Петруш Стефанов.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Госпоѓата Лазаревска постави прашање зошто не е ангажиран Туристичкиот сојуз на Македонија. Овој сојуз, за жал, после промените кои настанаа во земјата, практично не функционира. Последниот избор на неговото претседателство е извршен во 1986 година со мандат од четири години. Значи неговиот мандат завршил во 1990 година, а Министерството за стопанство ја организираше целата оваа активност едноставно од причини што нема друг а и зашто да има некој друг. Во поразвиените земји во Европа, секаде министерствата за туризам се тие кои ја водат општата туристичка пропаганда. Така е во Италија, така е во Турција, Шпанија и Грција, при што во овие земји постојат и државни организации за туризмот кои се директно под Владата или под Министерството за туризам.

XIV/1 СП/ЛБ

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ**: (продолжение)

Ваков вид на организирање и ние предвидуваме и до Владата од Министерството за стопанство е доставен предлог за организирање на туристичката дејност во Македонија односно предлог за формирање на национална туристичка организација.

Што се однесува до извештајот за трошење на средствата тоа е договорено помеѓу Министерството за стопанство и господинот Џорџ Сорос. Инаку, тие средства не се преведени на господинот Гроздан Попов, со неговата фирма е склучен договор и тој за плата од 1000 гулдени месечно работеше три месеци на организирање на манифестацијата во градот Утрехт , а делот што беше во Германија во Берлин договорот е заклучен со Палас Турист. Значи, нему не му се преведени никакви средства после да ја организира и води манифестацијата во Утрехт и потоа да си поднесе завршен извештај што тоа тој го направи.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Најпрвин сакам да ја прашам Владата на РМ и покрај што се присатни двајца министри , очигледно овие министри не можат да ми одговорат , па барам одговорот да биде по писмен пат.

Во која банка Владата на РМ ги држи буџетските средства, со која камата и дали има други банки што нудат повисоки камати. Тоа е моето прво прашање.

Второ прашање на 14 ом. што значи пред една недела во емисијата "Без наслов, но со повод" беше преземена една германска снимена емисија и прикажана во целост. Во таа мисија на Македонската одбојкарска репрезентација господинот Мифтар Зибери даде изјава како што даде, целата јавност можеше да види, јас како пратеник можам да разберам одреден граѓанин да даде изјави дека се чувствува репресиран

од системот, дека се вооружува да го штити семејството поради несигурност во земјата во која живее, одредени пратеници да даваат такви изјави со цел да постигнат разни политички цели, но , сакам да прашам, бидејќи во оваа држава постои Министерство за образование и спорт, дали може одредена личност да обавува така висока функција во спортот конкретно селектор - тренер на Македонската одбојкарска репрезентација да дава такви изјави со кои навистина се нарушува угледот на нашата земја во светот. Познато е дека таа емисија ја снимаше германската телевизија и емисијата одеше во Грција, Македонија.

Ова се моите две пратенички прашања, најверојатно ќе мора по писмен пат да ми го одговори, бидејќи одговорните министри не се присутни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Апостоловски .

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам две пратенички прашања од кои првото би се однесувало на Министерството за финансии, бидејќи министерот не е тука тогаш да се одговори во писмена форма.

Имено, од 17 јануари 1994 година на учениците и студентите кои патуваат со јавен превоз од местото на живеење до местото на учење и студирање им е ускратено правото да користат повластица од 60% која беше до сега. Имено, 40% даваше Владата преку буџетот и 20% претпријатијата.

Имајќи предвид дека законот .за повластици во јавниот превоз се уште е на важност, се поставува прашање со каков акт и со каков друг документ е донесена таква одлука и пренесено до транспортните претпријатија да не го применуваат повеќе начинот за повластици.

Оваа грижа се јави од група родители кои кажуваа ако нивните ученици односно студенти имале можност ќе останел во градот таму каде што учат или студираат, но поради немање на средства истите се приморани секојдневно да патуваат. Сега, со зголемувањето на цената од 60% на некој начин се уплашени и сметаат дека ќе мораат своите деца во текот на неделата барем по 2-3 дена да не патуваат се со цел од материјална гледна точка. Тоа беше првото прашаше.

Второто прашање се однесува до група земјоделци од општина Прилеп, не знам за другите како е, затоа напоменувам конкретно за општина Прилеп од страна на земјоделците кои поставуваат прашање. До кога и како ќе се исплати премијата за пченицата од 1,1 денар по килограм за реколтата 1993 година? Претходната сума од 0,80 денари е исплатена во текот на 1993 година, меѓутоа, оваа премија која им следува за килограм пченица до ден денеска не е исплатена. Изгледи за исплата по се испаѓа дека нема. Се поставува прашање дали има можност да се исплатат во текот на 199 4 година, што би значело со ова задоцнување и дали воопшто тие средства кои ќе ги добијат нема да бидат депласирани. Исто и ова го барам по писмен пат, бидејќи министерот за земјоделие не е присутен.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Во врска со настаните во Славија. Од страна на Вишиот стопански суд на Македонија утврдено е дека се злоупотребени потписи на вработените во Славија за барање на зелени картони како да се дадени за разрешување на поранешниот Управен одбор и избор на нов управен одбор кој врши избор на директор, што значи дека правосилно е утврдено постоење на фалсификат.

За оваа работа знае и министерот за правосудство и управа г-динот Туше Гошев. Прашањето е што презел овие потписи да не се злоупотребуваат пред Окружниот стопански суд во Скопје во поставувањето на г-динот Тантуровски за директорот?

Со поставувањето на ова прашање би се спречила ерозија на општествениот капитал,ќе се обезбеди материјална и социјална сигурност на вработените до колку се елиминира овој фалсификат. Се поставува прашањето кој ќе ги заштити правата на вработените во АД "Славија"? Сведоци сме дека незадоволството кулминира со секојдневните манифестации пред Парламентот на РМ. Прашањето е многу јасно и барам министерот усно да ми одговори.

Второ прашање, познато е дека по налог на ПДП мнозинство Албанци - регрути ја одбегнаа воената обврска, а во ова судбоносно време за опстанок на Македонија ја искажаа својата нелојалност. Прашањето гласи: Према колку вакви лица се применети казнените одредби од Законот, колку барања се поднесени и кои се изречените казни за одбегнување на служење на воениот рок? Исто така, колку од овие регрути се наоѓаат на служење на воениот рок по изречените казни и какво е нивното однесување во касарните на РМ?

Ова го поднесувам во смисла на членот 28 од Уставот на РМ каде одбраната на Република Македонија е право и должност на секој граѓанин. Очигледно злоупотреба на право утврдено со Уставот.

Трето прашање кое се однесува до соодветните министри. Дали на жителите од пограничните села од Струга и Дебар кои самоорганизирано презедоа дејствија за заштита од разбојничките банди и кражби од Албанија, за спречување на бројните кражби на одреден начин на измама им е одземено оружјето кое го имале и со што се оставени луѓето без заштита?

XIV/5

Значи, прашањето е кога ќе им се врати оружјето од полицијата што им е одземено, без оглед дали имале одобрение за држење и носење или немале?

Во контекст на ова е и прашањето што го постави г-динот Стојан Ковачевски, кој отворено кажа дека ова население од границата спрема Албанија не е соодветно заштитено.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, првото прашање беше поставено за легитимитетот на органите на управување на стопанскиот субјект "Славија". Дали во постапката при конституирање на управниот одбор и Собранието на Акционерското друштво има направено злоупотреба, фалсификување на потписи или јавни исправи, треба да се утврди по службена должност од Јавниот обвинител и надлежниот суд да донесе пресуда да огласи виновник кој го извршил фалсификувањето и фалсификатот. За легитимирањето за легитимитетот на органите кои треба мериторно да расправаат и да одберат кој треба да биде директор во тоа претпријатие, дали формално согласно статутот на АД "Славија" во формална процедура е избран управниот одбор и Собранието на акционерите. Уписот во Судскиот регистар за надлежен индивидуален работоводен орган на тој стопански субјект, Стопанскиот суд во строго формална процедура спрема законот за упис во судскиот регистар за авалирање на потписи за застапување на стопанските субјекти, го врши Стопанскиот -суд, со решение. Во таа постапка доколку се утврди дека овие да органи немаат легитимитет да вршат избори, дека се избрани по нелегитимна постапка, а тоа значи дека не можат да вршат мериторно избор на директор, тоа треба да се утврди како што кажав со правосилна судска пресуда поради фалсификување на јавни исправи итн.

Во жалбена постапка на решението на Окружниот суд, немаме Виш стопански суд, туку имаме Окружен стопански суд и Стопански суд на Македонија, во жалбената постапка сите наводи образложени поединечно и сите заедно во една логична целина , Стопанскиот суд на Македонија ќе ги цени доколку утврди основи дека стојат тие основи поради погрешна примена на материјалното право и битни повре; во одредбите на процесната постапка за упис во судскиот регистар тогаш Стопанскиот суд ќе го поништи тоа решение и предметот ќе го врати на повторно разгледување и одлучување и ќе има реституција или враќање во првобитна состојба на тој стопански субјект. Квалификациите кои беа дадени во образлагањето на прашањето, мислам дека не стојат, затоа што не се поткрепени со правосилни судски наслови. Постапката во инстанционата постапка на утврдување на материјалната вистина во дадениот случај, тоа ќе го каже Стопанскиот суд на Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јасно е дека не сум задоволен од одговорот. Вишиот Стопански суд со решение констатирал дека потписите за измамата во која вели "потпишете се овде ќе ви дадеме зелени картони" се собираат 1000 потписи, потписите се злоупотребени во целата постапка за сменување и назначување на нов директор. Тоа е решение на Судот, а министерот знае за фалсификатот дека е тоа констатирано и што презема да ги смири состојбите во АД "Славија"?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Не може на основа на инсинуации да се гради материјалната вистина и да стојат тие наводи се додека не се донесе правосилна пресуда за направен фалсификат, тогаш може да стане збор дека

станува збор за фалсификат. За формалната процедура за Стопанскиот суд за авалирање на потпис, тогаш е надлежен само Судот, а доколку Судот направил повреди во уписот во Судскиот регистар, за жалбената постапка Стопанскиот суд на Македонија ќе ја утврди вистината.

Сакам да кажам и тоа дека не треба да правиме правни квалификации без да имаме судски наслови, само судските наслови се правата вистина која треба да биде мериторна во дадениот случај. Министерот во своите надлежности ги упатил граѓаните и работниците кои дојдоа да се поплачат и пред јавниот обвинител и пред Стопанскиот суд за да се утврди таа материјална вистина.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Повторно ќе поставам едно прашање, имам обврска од група граѓани кои со писмо кое денеска го добив, ме известуваат од Струга и Струшка околија, ме замолија на некој начин да го поставам ова прашање. Иако прашањето е од два дела , јас ќе го поставам едниот дел затоа што министерот за правосудство и управа г-динот Туше Гошев е присутен и прашањето се однесува до него.

Колку Министерството за внатрешни работи има поднесено прекршочни кривични пријави односно колку лица се осудени - државјани на Република Албанија, за нелегално влегување во Република Македонија и ограбување по селата во Струшко, Дебарско итн. Дообјаснување на прашањето. Целата македонска јавност знае дека некаде station наназад 4-5 месеци или една година се случуваат работи кои не се својствени на една независна и самостојна држава која држи до својата безбедност, односно за безбедноста на своите граѓани, а тоа е упад, така се изразуваат луѓето, на цели качачки банди од соседна Република Албанија, нешто што се случувало пред Првата за и по

Првата светска војна, а кое, на некој начин, беше искоренето. Овие банди се вооружени и упаѓаат во домовите на нашите граѓани без разлика дали е некој присутен во домот или не, вршат ограбување на се што ќе најдат по домовите односно по становите на нашите граѓани и по некогаш ако најдат некој присутен прибегнуваат и кон физичка сила. Во тој контекст беше упатено прашањето од г-динот Стефковски, зошто полицијата,во овој случај министерот за внатрешни работи г-динот Љубомир Фрчковски, како ресорен министер во Министерството за внатрешни работи, член на СДС, односно заменикот на министерот во Министерството, г-динот Кирил Саревски, како член на Либералната партија, јас би сакал ним лично да им го упатам вториот дел од прашањето, но ќе го оставам за друга прилика кога ќе направат чест на ова Собрание да бидат присутни кога се поставуваат пратенички прашања, на некоја друга седница, односно за тоа што тие како прв и втор човек во Министерството за внатрешни работи преземале за заштита на имотот и животот на нашите граѓани кои живеат на таа територија во тој таканаречен пограничен појас помеѓу Република Македонија и Република Албанија.

Се надевам дека г-динот министер за правосудство и управа ќе одговори на оној дел од прашањето што беше упатено до него.

XV/1/ДВ/лј

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи станува збор за бројки, а делата се тековни, може и денеска да се случуваат судења, мене ми е позната една бројка на судени за кражби, тешки кражби и неовластено влегување во територијана Република Македонија. Сепак ќе му одговорам на господинот Стоиле Стојков писмено.

**ТОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господо. Сакам да поставам уште едно прашање.

Граѓаните од Република Македонија имаат увезено товарни возила. За тие возила имаат добиено согласност од Министерството за стопанство, Министерството за финансии, Министерството за економски односи со странство, оцаринети, платен данок на промет, а органот за регистрација на Министерството за внатрешни работи во подрачните единици не ги регистрира. Зошто? До кога ќе стојат ? Преку пет месеци стојат ваквите возила неоцаринети. Ќе градиме стопанство на некој начин го спречува тоа стопанство.

Барам информација колку има такви возила што се оцаринети а не се регистрирани, кога можат да бидат регистрирани и кој ќе им ја надополни штетата што тие возила стојат повеќе од пет месеца на паркинг плацевите а не се употребуваат, а на некој начин бараме вработување, бараме средства, бараме данок, заправо го спречуваме работењето. Посебно нагласувам за во Тетово.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има некој од министрите кој може сега да одговори. (Не)

Има збор господинот Томислав Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Да направам прв пат една процедурална забелешка.

Овде се произнесе дека денес Владата дошла во Собранието.

XV/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние не расправаме за тоа, ве молам. Вие добивте збор да поставите прашање. Ве молам поставете го прашањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво прашање беше зошто на моите прашања кои се поставени повеќе од година дена не ми се одговори. Беше Владата вчера овде, утринава дојде и си отиде. Меѓутоа едно е вистина. Вие како претседател секој ден кога ќе треба да почне седницата, ќе ѕвони ѕвончето во ресторантот. Денеска немаше ѕвонење. Значи дојде Владата да се слика овде и да си оди. За таа работа ние не можеме да сносиме одговорност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво тоа не е точно. Вие не знаете кога дошла Владата бидејќи не бевте тука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас бев во ресторантот. Тоа е целата работа.

Сега ако сака некој да бега и да прави од себе овде...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не. Вие добро знаете дека точно во 10 е закажана седницата, ѕвонеше ѕвоното, дојдоа тие што дојдоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е точно дека ѕвонело..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како не е точно.

Навистина нема смисла вашето тврдење кога овде дојдоа луѓето што беа во ресторантот.

XV/3.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе. Допуштете да ги поставам понатаму прашањата.

Во име на заштитата на државата да кажам, сега се купуваат или се пребојадисуваат новите вагони во железница на Македонија. Како организација добивме и кот, меѓународна македонска железница. Порано беше 72 ЈЖ. Сега имаме 65 МЖ.

Да ми одговори министерот за сообраќај зошто и сега на вагоните, место да се стават ознаки МЖ и кот 65 се става 72 ЈЖ. Што е причината.

Второ, овде се раправаше околу тоа дека пред Општинскиот суд во Гевгелија постоеле два или повеќе шатори, како револт на граѓаните што не им биле исполнувани некои нивни права од претседателот на Судот и одредени судии или од целиот Суд, да не разговараме за тоа повеќе.

Кога биле во посета претседателот на Републиката и господинот претседател на Собранието преку ноќта државна безбедност овие шатори ги тргнала.

Да ми одговори Министерството за внатрешни работи зошто е направено тоа преку државна безбедност.

Трето прашање, пак е во врска со настаните околу трговското претпријатие "Славија" - Скопје. Таму се поделени во два табора вработените, едни за еден директор други за друг и заземале дел од просториите. Меѓутоа едниот дел е" повеќе жени и наеднаш мажите, поготово муслимани дојдени од Санџак влегуваат и насилно со ќотек ги исфрлаат тие жени, при постоење на милиција таму.

Да ми се даде одговор што полицијата преземала за ова насилие према жените од страна на муслиманите.

XV/4.-

Четвртото прашање е околу иконографијата на нашата држава.

Постоеше Закон за заштита на делото и ликот на Јосип Броз Тито. Тој закон своевремено Уставниот суд на СФРЈ го прогласи како неуставен со закон на оваа држава. Тој закон се стави вон сила, не е во примена. Со тој закон беше уредено кога, под кои услови и откако ќе се добие одобрение од бившиот Извршен совет на СФРЈ можат сликите на Тито да се истакнуваат на одредено место. Таков закон не постои, меѓутоа нашите пошти, министерства, школи, јас тврдам во основното училиште "Крсте Мисирков" во Куманово и "Браќа Миладинови" и сега во средина стои сликата на Тито, без оглед дали господинот министер тоа ќе го признае или не. Пак го повикувам во овој момент да го однесам да види. До кога ние преку државните институции, пошти, министерства, банки, се уште ќе имаме постоење на оличение - Тито, како лик на држава.

Петтото прашање се однесува на следното:

Се објави како неспорно дека на одредени должини или на успатни станици во држава Македонија постојат над илјада цистерни полни со течно гориво, кои практично се запалена бомба и се чека таму кога ќе се активира детонаторот. Тие стојат од септември месец наваму. Значи веќе можеме да броиме дека сме во полугодишен рок откако тие постојат.

Да ми се одговори од страна на Министерството за сообраќај чии се тие вагони, како дошле таму да стојат. Дали се на државата Македонија, на железницата, па се ставени вон сообраќај и чие е тоа гориво, на кого треба да се дистрибуира. Да не е тоа гориво на Аркан што често не посетува со закани дека ќе има непријатности.

Имаме уште еден немил случај. Овде апсолутно како стручњак во тој домен на живот ме интересира следното:

XV/5.-

Се водеше постапка и тоа ми е јасно дека не мора да биде успешна, за случајот Мудинови од Струмица. Се затворија тројца луѓе,м се мафташе од страна на одредени личности овластени во постапката дека ако овие притворени не се тие кои се извршители на гнасното убиство некој ќе поднесува оставка или не. Сите си останаа на свое место. Лучков на 18 о.м. доби визија дека не е виновен затоа што не што обвинителот не поднесе обвинение туку се обратил до истражниот судија да ја запре постапката против овие лица. Практично делото се ставено адакта. Дали ќе треба ние да стоиме вака мирни и до Министерството за правосудство и Министерството за внатрешни работи кои на судот му пријавија луѓе за кој практично се знае дека не се виновни. Ова е прашање на кое сакам да ми се одговори од сега само еден од присутните ресорни министри, тоа е министерот за правосудство и управа.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, случајот Мудинови ниту е затворен ниту е адакта. Далеку од тоа дека не стојат основи, има основно сомневање за покренување. на обвинение против притворените кои имаат право согласно Уставот и Законот да бараат надомест на штетите и другите реперкусии кои ги следуваат по Законот. Министерството за правосудство на никој не може да му посочи некој да биде притворен или против некого да се води постапка затоа што согласно на одредбите на Уставот на Република Македонија јавното обвинителство е самостоен орган кој ги гони сторителите На кривични дела итн., а судската постапка истражниот судија по сопствено видување во постапката спроведена која му ја дава Законот за кривична постапка е должен да утврди дали ќе донесе решение против некого да се поведе обвинение за сторено кривично дело или не, тоа е по слободно судиско убедување.

XV/6.-

Сметам дека, иако стојат осиови дека луѓето се ослободени дека не стојат основи за поведување на обвиненија за сторено кривично дело по член 37 од Кривичниот закон на Република Македонија, сепак јавниот обвинител на Република Македонија и надлежниот окружен јавен обвинител ќе поведе бараше за откриваше на непознат сторител до надлежните служби за јавна и државна безбедност на Република Македонија. Така да делото ќе си продолжи со ист интензитет да се бара и да се утврди правата вистина кој го сторил тоа кривично дело.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Или погрешно се разбравме или јас не го разбрав она што министерот го кажа.

Министерот говори дали е затворено делото за откривање на извршители. Јас говорев затворено е за овие луѓе што се затворени, да се извршители, а се знаело уште од почетокот дека не се извршители и за нив е делото адакта. Тука е разликата што јас тоа го поставувам како прашање и разликата што министерот ми дава одговор. Јас не можам да кажам дека постапката за откривање на извршителите или извршителот, да не говорам сега кој е и што е, говорам за извршител, ќе трае се додека не поминат по сегашните позитивни прописи 25 години за можен прогон кога јавниот обвинител поради протек на време настапила застареност релативна која е рамна на апсолутна после 25 години и нема да се води постапка. Ова е разликата што господине министре лошо се разбравме тука. Завршена е постапката за овие. Што на човекот ќе му направиме сега ако му дадеме пари а за него пишуваа три месеци дека тој е убица.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Се до донесувањето на правосилна пресуда за утврдување на вина секогаш тој основ за поведување на кривично обвинување за основаност

за сторено кривично дело или не. Иако се во овој момент тие ослободени од кривичното гонење и обвинување, не стои основ дека предметот е адакта за тие луѓе. До колку во постапката сепак се утврди јавниот обвинител може и тогаш да покрене обвинение за сторено кривично дело. Затоа не може да се констатира дека за овие граѓани е направено адакта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг сака да постави пратеничко прашање?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Имам три кратки прашања.

Првото прашање е до Министерството за стопанство и јас би молел ако може да ми се одговори усмено а ако не може усмено писмен одговор не сакам затоа што мислам дека ќе биде веќе доцна.

Со програмата која беше презентирана пред Нова година, Владата донесе одлука дека некои цени на одредени монополски организации се ослободуваат од контрола, со тоа што даде образложение дека до колку слободните цени на монополските организации до таа мера се претворат во ценовна уцена кон потрошувачите, ќе преземе повторно мерки за контрола на нивните цени.

Би ја прашал- Владата, односно министерот за стопанство кој е тука дали Владата има веќе сознание дека е потребно за некои од монополските организации веќе по 20 дена од спроведување на програмата повторно да се воведе систем на контрола затоа што цените се отидени толку многу па Владата би донела оценка дека тоа е користење на монополската ситуација на самото претпријатие.

Второто прашање е до Министерството за стопанство и Министерот за одбрана на Република Македонија.

XV/8.-

Ме интересира податокот изразен во проценти, кој дел од општествениот производ на Република Македонија отпаѓа на производство на воена опрема и наоружување.

Третото прашање е до Министерството за одбрана за кое барам писмен одговор.

Ме интересира во проценти и во апсолутни износи, колку од вредноста на вкупните набавки на Армијата на Република Македонија во 1993 година се извршени од субјекти во Република Македонија, а колку од субјекти од други држави. При ова зборувам за вкупните набавки по сите основи средствата што се трошат од АРМ.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Во 1993 година 17% од цените беа под режим на непосредна контрола. Другите беа под таканаречен слободен режим односно формирање согласно условите на пазарот.

Со стабилизационата програма за 19 94 година и со другите мерки на економската политика е предвидено под режим непосредна контрола на цените односно под режим утврдување на максимално ниво на цените од Владата да бидат цените на производите и услугите кои учествуваат со околу 15,02 од вкупните цени. За разлика од 1993 година во оваа година под друг режим на цените се цената на топлинската енергија, цената на одредени комунални услуги.

До Министерството за стопанство како надлежно министерство за прашањата на цените, претпријатијата коч се под режим на најава на цени дел од нив имаат доставено известуваше за зголемување на цените на своите производи, односно услуги кои можат да ги применуваат по истекот на осум дена по поднесувањето на известувањето.

XV/9.-

Со оглед на тоа што не е се уште изминат ниту еден месец од важењето на овие прописи, ние се уште не можеме да извлечеме конечен заклучок, односно да се одлучиме дали цената на некој производ или на некоја услуга треба да ја префрлиме од еден режим на некој друг. Меѓутоа, секојдневно ги следиме движењата на цените и согласно стабилизационата програма благовремено ќе интервенираме и реагираме.

Што се однесува до второто прашање кое заедно со Министерството за одбрана, како и поради карактерот на податоците можеби треба да се размисли во каква форма тие треба да бидат доставени.

XVI/1.- РД-ВБ

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас некаде пред година ипол, всушност во мандатот на господинот Кљусев поставив прашање во врска со укинување на патничкиот воз што сообраќаше на релација Бакар Гумно- Сапотница. Добив одговор во тоа време дека, поради технички причини, т.е. неможност за набавка на резервни делови за патничките гарнитури добар дел од возниот парк е вон возна кондиција и во тие моменти не ќе може да се реализира тоа прашање. Моето прашање е сега до надлежното министерство, дали во ваква подобрена економска состојба и услови во кои работи македонската железница може да се размислува за активирање на патничкиот воз Бакарно Гумно-с.Сапотница, поготово во летниот период и есенскиот период и во пазарните денови, петок и сабота за да можат граѓаните непосредно да комуницираат со пазариштата во овие градови.

Второто прашање е дали надлежното министерство во рамките на реализацијата на планирањето на проектите за поврзување на Република Македонија со таканаречената источна трансверзала со Република Бугарија и на Запад со Републиката Албанија, реализација на железничката пруга од Кичево до Струга, т.е. до Ќафасан се размислува и за евентуално проекти решенија на потегот од село Ботун до село Сапотница во далечина од 20-тина километри за истовремено поврзување на Република Македонија со вториот правец преку Битола и постојната железничка пруга со Лерин Република Грција.

Третото прашање е дали Владата размислила што во побрза постапка да го предложи законот за шумите од причини што постојниот закон за шумите создава тешкотии во однос на примената и располагањето со шумскиот фонд во Република Македонија од причини што постојните законски решенија претпоставуваат општествена сопственост на шумите и сите и целокупниот инструментариум за функционирање на тој закон, со оглед дека одредени институции се укинати, согласно најновите уставни одредби, пред се мислам на

општествениот правобранител на самоуправувањето, во добар дел од ваквите општествени претпријатија постои несоодветно законско работење и не постапување во однос со рационално стопанисување со шумскиот фонд во Република Македонија и во добар дел шумски претпријатија во Републиката, вработените и одредени групи кои се борат за власт во самите претпријатија, притоа манипулирајќи со вработените во тие претпријатија и користејќи ги ваквите законски празнини, создаваат дополнителен хаос во врска со располагањето со шумскиот фонд во Републиката. Мислам дека ова прашање е неопходно и повторно го повторувам, дали Владата размислува што во поитна постапка да го предложи Законот за шумите, а и од аспект на сепак не докрај расчистените имотно - правни односи и разграничување во врска со шумите меѓу приватниот и државниот сектор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе се одговори.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Прашањето ќе го поставам директно до министерот за правосудство господинот Туше Гошев. Дали може и натаму да работат некои фирми со активни жиро сметки иако со одлука на судот второстепениот е бришан од регистарот уште во осмиот месец 1993 година. Имам информации дека со такви жиро сметки работат "8 Март", ПМС"Дело", "Слога-комерц", овие ги наведувам затоа што сите фирми настанале од една фирма која се викаше "Инкомерц", Сето ова е само правење на криминал.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Уште со основањето на стопанските субјекти, со добивањето на решението од Окружниот стопански суд, тогаш дури се исполнуваат условите некои стопански субјект да отвори жиро сметка пред

надлежните финансиски институции за да може да го извршува платниот промет. Доколку оној стопански субјект го изгуби правниот субјективитет, дали тоа било до редовно работење, или од било кои други законски прописи кои предвидуваат за престанување на стопанскиот субјект, тогаш тој стопански субјект не може да има жиро сметка и го губи правниот субјективитет во платниот промет за преземање на права и обврски кои ги има согласно на неговата регистрација утврдена во Статутот кој ја предвидува дејноста за работа на тој стопански субјект. Доколку правниот субјективитет на овие стопански субјекти го имаат изгубено, тогаш не постои ни правен основ тој стопански субјект да поседува и жиро сметка во надлежните финансиски институции во Републиката.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Не се согласувам со искажувањето на господинот министер во оној дел каде што вели дека сите тие фирми и ден денеска работат со жиро сметки кои се поништени, кои се избришани од регистарот. Според тоа не ми е мене јасно како може фирма која веќе не постои да работи со жиро сметка, потписник е директорот, функционира таа фирма и директорот напушта работници, фактички не е директор на таа фирма која веќе е избришана и не постои.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Тогаш надлежната институција службата за општествено книговодство не го почитува Уставот и законот. Оттука не постои правен основ ако е така фактичката состојба како што вие ја кажувате да поседува и жиро сметка.

XVI/4.-

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Тоа прво судството тогаш, вашиот јавниот обвинител се меша во СОК,одава налози тие фирми да не можат да работат.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Преку печатот дознавме за еден спор помеѓу Владата и Републичкиот завод за статистика во врска со мерењето на инфлацијата, односно движењето на цените во 1993 година. Моето прашање е: Дали е на повидок обид за фризирање на податоците во книжењето на стопанството во Републиката, за да се прикажат поинакви резултати од остварувањето на стабилизационата програма, од оние што реално се остваруваат или ќе се остваруваат. Може ли да добиеме информација во врска со тоа зошто е настанат тој спор и каде е навистина проблемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе се одговори.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Барам писмено да ми одговори Владата, дали се уште Владата смета дека има поддршка од пратениците на коалиционите партнери, имајќи предвид дека во10,00 часот од нејзините 76 пратеници во салата беа присутни само 4.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе се одговори.

Дали уште некој има да постави пратеничко прашање? (Нема)

Бидејќи никој нема понатаму да постави пратеничко прашање завршуваме со пратеничките прашања.

Предлагам во среда во 10,00 часот да продолжиме со работа.

(Седницата заврши во 17,00 часот